# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 46 Год. LXII Понеделник, 10 април 2006 Цена на овој број е 300 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 533. | **Закон** за надворешни работи.............. | 2 |
| 534. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за водите............................. | 24 |
| 535. | **Одлука** за разрешување од функцијата судија на Основниот суд – Прилеп........ | 27 |
| 536. | **Одлука** за огласување избор на судија на Основниот суд во Велес.................. | 27 |
| 537. | **Одлука** за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба......... | 27 |
| 538. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија........................ | 28 |
| 539. | **Решение** за разрешување од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови – Скопје.......... | 28 |
| 540. | **Решение** за давање согласност на Одлуката за избор на директор на ЈНУ Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје................................................... | 28 |
| 541. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле“ – Скопје.................................. | 29 |
| 542. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈЗУ Завод за здравствена заштита – Велес. | 29 |
| 543. | **Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови.... | 29 |
| 544. | **Решение** за разрешување од должноста членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за просторни и урбанистички планови................................ | 29 |
| 545. | **Правилник** за постапката, начинот и роковите за доделување на единствен даночен број, содржината и начинот на водење на единствениот регистар на даночни обврзници, содржината и формата на пријавата за регистрација, како и постапката за бришење од регистрацијата......................................... | 29 |
| 546. | **Правилник** за видот на даночната пријава која во потполност или делумно може да се поднесе по пат на пренос на податоци во електронска форма и постапката за пренос............. | 34 |
| 547. | **Правилник** за начинот и постапката на одлагање за плаќање на даночен долг.... | 38 |
| 548. | **Методологија** за утврдување на почетна вредност на недвижност во присилна наплата................................. | 38 |
| 549. | **Правилник** за формата и содржината на службената легитимација на членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и вработените во стручната служба на Комисијата.................... | 38 |
| 550. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... | 40 |
| 551. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... | 40 |
| 552. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... | 40 |
| 553. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... | 40 |
| 554. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... | 40 |
| 555. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... | 41 |
| 556. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... | 41 |
| 557. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... | 41 |

558. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... **41**
559. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... **42**
560. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... **42**
561. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... **42**
562. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... **42**
563. **Решение** за давање дозвола за работење на брокер.......................................... **42**
564. **Одлука** на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.170/2005 од 29 март 2006 година.................................. **42**
565. **Решение** за ставање во примена на установен катастар на недвижности.... **44**
566. **Решение** за ставање во примена на установен катастар на недвижности.... **44**
**Огласен дел**.......................................... **1-52**


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**533.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за надворешни работи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 март 2006 година.

Бр. 07-1439/1
31 март 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува:

- начинот и постапката за вршење на надворешните работи од органите на државната власт;

- надлежностите на органите на државната власт и органите на државната управа во креирањето, утврдувањето и спроведувањето на надворешната политика;

- надлежноста, организацијата и работата на Министерството за надворешни работи на Република Македонија;

- видот и постапката за отворање на дипломатски и конзуларни претставништва на Република Македонија;

- видот и постапката за отворање на дипломатски и конзуларни претставништва на други држави во Република Македонија и

- правата, должностите и одговорностите на дипломатско-конзуларните службеници во Министерството за надворешни работи и во дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија.

Прашањата од надворешните работи на Република Македонија што не се уредени во овој закон, се уредуваат со други прописи на Република Македонија, со меѓународни договори, со други меѓународни акти што ја обврзуваат Република Македонија и со вообичаените правила што важат во меѓународното право.

Член 2

Одделни поими, во смисла на овој закон, го имаат следново значење:

1. **"Надворешни работи"** се однесува на:

- дејствијата што ги вршат надлежните органи на државната власт и органите на државната управа во остварувањето и заштитата на правата и интересите на Република Македонија во меѓународните односи со државите, меѓународните органи, организации и заедници;

- дипломатските дејствија за зачувување и за заштита на безбедноста, на суверенитетот и на територијалниот интегритет на Република Македонија во системот на меѓународните односи;

- дејствијата на надлежните органи во заштитата на правата и интересите на државјаните и на правните лица на Република Македонија пред сите надлежни странски субјекти;

- дејствијата на надлежните органи во воспоставувањето, одржувањето, унапредувањето, суспендирањето и прекинувањето на односите со држави и меѓународни организации и заедници;

- овластувањата и обврските на надлежните органи во преговарањето, склучувањето, суспендирањето или раскинувањето на меѓународни договори;

- овластувањата и обврските на надлежните органи во преговарањето, пристапувањето и истапувањето на Република Македонија во или од меѓународни организации и заедници и

- другите дејствија на надлежните органи на Република Македонија надвор од границите на земјата, што се утврдени со закон или со меѓународни договори што ги обврзуваат Република Македонија, нејзините државјани и правните лица регистрирани во Република Македонија;

2. **"Надворешна политика"** се однесува на политичките цели и активности за односите на Република Македонија со државите и со меѓународните органи, организации и заедници, со кои се остваруваат интересите на Република Македонија во меѓународните односи и се штитат интересите на нејзините државјани и на правните лица регистрирани од неа, а особено:

- зачувувањето, потврдувањето и унапредувањето на основните интереси на Република Македонија;

- зачувувањето на суверенитетот, самостојноста и територијалниот интегритет на Република Македонија и на нејзиниот уставен поредок;

- почитувањето и унапредувањето на темелните вредности на Уставот на Република Македонија;

- споделувањето на вредности, интереси и волја за здружување врз основа на рамноправен договор и во согласност со Уставот;

- зајакнувањето на демократијата и на владеењето на правото во целиот свет, засновано на човековите права и слободи и низ нивна примена и почитување во меѓународно право;

- зачувувањето на мирот во светот, спречување на конфликтите и зајакнување на меѓународната безбедност, во согласност со начелата содржани во Повелбата на ОН, како и со принципите на Завршниот документ од Хелсинки и со целите на Повелбата од Париз, вклучително и оние за надворешните граници и

- развивањето и унапредувањето на односите и соработката на Република Македонија со соседите и со сите држави, билатерално и мултилатерално, во регионалните и глобалните организации;

3. **"Органи за вршење на надворешни работи"** се:

- Претседателот на Република Македонија (во натамошниот текст: претседателот);

- Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собранието);

- Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата) и

- Министерството за надворешни работи на Република Македонија (во натамошниот текст: Министерството) и министерот за надворешни работи (во натамошниот текст: министерот);

4. **"Дипломатско-конзуларно претставништво", "дипломатско претставништво", "конзуларно претставништво" и "постојана мисија"** се претставништва на Република Македонија во други држави и во меѓународни организации кои вршат работи наведени во Виенската конвенција за дипломатски односи, Виенската конвенција за конзуларни односи, други меѓународни договори и овој закон и

5. **"Дипломатско-конзуларен службеник"** е државен службеник вработен во Министерството кој согласно со овој закон е овластен да врши надворешни работи.

## II. ВРШЕЊЕ НА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Член 3

Во остварувањето на надворешните работи и надворешната политика, органите за вршење на надворешните работи ги определуваат општите насоки, донесуваат и усвојуваат одлуки за активностите и ставовите и ги остваруваат со меѓусебна усогласена соработка сите државни активности поврзани со надворешните работи.

### Надлежности во вршењето на надворешните работи

Член 4

Органите надлежни за вршење на надворешните работи ги вршат надворешните работи во рамките на утврдената надлежност со Уставот и закон.

Органите за вршење на надворешните работи ја креираат, утврдуваат и спроведуваат надворешната политика на Република Македонија, согласно со Уставот и закон.

Претседателот, претседателот на Владата и министерот ја претставуваат државата во меѓународните односи согласно со меѓународното право и обичаи.

### а) Претседател на Република Македонија

Член 5

Во вршењето на надворешните работи претседателот на Република Македонија:

- ја претставува државата во меѓународните односи, согласно со меѓународното право и неговите надлежности;

- учествува во креирањето на надворешната политика во соработка со Владата, преку утврдување на општите насоки на надворешната политика, вклучувајќи ги и прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата;

- го следи спроведувањето на надворешната политика и за резултатите и евентуалните несогласувања со другите органи за вршење на надворешните работи, може да го извести Собранието;

- дава предлози и учествува во заземањето на ставови за одредени надворешно-политички прашања од неговата надлежност, вклучувајќи ги и безбедносните и одбранбените аспекти кои произлегуваат од меѓународните односи;

- поставува и отповикува со указ амбасадори и пратеници на Република Македонија во странство, во постапка утврдена со овој закон;

- дава согласност за издавање на агреман на шеф на странско дипломатско претставништво и

- ги прима акредитивните и отповиковните писма на странските дипломатски претставници, во постапка утврдена со овој закон.

### б) Собрание на Република Македонија

Член 6

Во вршењето на надворешните работи Собранието на Република Македонија:

- ја утврдува надворешната политика на Република Македонија, вклучувајќи ги и прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата;

- на сопствено барање или на барање на Владата, разгледува извештаи за остварување на надворешната политика и за меѓународната положба на Република Македонија, вклучувајќи ги безбедносните и одбранбените прашања на меѓународен план;

- зазема ставови по одредено прашање, на предлог на Владата, вклучително и по оние надворешно-политички прашања поврзани со безбедноста и одбраната;

- при различни ставови за прашања од областа на надворешните работи, на предлог на Министерството, во името на Владата или на предлог на претседателот, Собранието расправа за тие прашања, по што донесува соодветни заклучоци;

- работното тело на Собранието надлежно за надворешна политика најмалку двапати годишно разгледува извештај на министерот за спроведувањето на надворешната политика и

- остварува меѓународна соработка во рамките на своите надлежности.

### в) Влада на Република Македонија

Член 7

Во вршењето на надворешните работи Владата на Република Македонија:

- учествува во креирањето на надворешната политика преку утврдување на општите насоки за надворешната политика во соработка со претседателот, вклучувајќи ги и прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата;

- го известува Собранието за прашања од областа на надворешната политика и меѓународните односи;

- на барање на Собранието, поднесува извештај за остварување на надворешната политика и за меѓународната положба на Република Македонија, вклучувајќи ги безбедносните и одбранбените прашања на меѓународен план;

- го следи спроведувањето на надворешната политика, а за резултатите и евентуалните несогласувања со другите органи за вршење на надворешните работи може да го извести Собранието;

- му доставува на претседателот мислења и предлози за меѓународни прашања;

- ги воспоставува, развива и унапредува политичките, економските или финансиските односи со една или повеќе држави, или меѓународни организации;

- одлучува за визниот режим на Република Македонија со други држави и субјекти во меѓународните односи;

- одлучува за прекин или намалување, делумно или целосно, на политичките, економските или финансиските односи со една или повеќе држави, или меѓународни владини или невладини организации и за тоа го информира Собранието;

- предлага именување и отповикување на амбасадори, пратеници и именува и отповикува шефови на конзуларни претставништва на Република Македонија во странство, согласно со овој закон;

- издава агреман или егзекватура за шефови на странски дипломатско- конзуларни претставништва;

- одлучува за отворање на дипломатско-конзуларни и други претставништва на Република Македонија и за отворање на странски дипломатско-конзуларни претставништва или претставништва на меѓународни организации во Република Македонија, во постапка утврдена со овој закон;

- одлучува за учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика и Европската безбедносна и одбранбена политика на Европската унија;

- обезбедува средства во рамките на Буџетот на Република Македонија за итни и непредвидени состојби што се јавуваат во рамките на спроведувањето на надворешната политика;

- обезбедува средства во Буџетот за надоместување на трошоците за членарини и други расходи што произлегуваат од членството и од учеството на Република Македонија во меѓународните владини организации;

- редовно ги следи и оценува меѓународните односи кои имаат импликации врз безбедноста и одбраната и за тоа ги информира претседателот и Собранието;

- обезбедува хуманитарните операции во кои учествува Република Македонија да бидат координирани со оние на меѓународните организации и

- именува почесни конзули во постапка утврдена со овој закон.

**г) Министерство за надворешни работи**

Член 8

Во вршењето на надворешните работи Министерството:

- ја претставува и афирмира Република Македонија и ги развива и координира билатералните и мултилатералните односи и соработката со други држави и меѓународни организации;

- ја спроведува надворешната политика;

- обезбедува координација меѓу органите надлежни за вршење на надворешните работи во вршењето на надворешните работи;

- води постапка за воспоставување и прекинување на дипломатски и конзуларни односи со други држави, како и постапката за зачленување и воспоставување на односи со меѓународни организации;

- ги заштитува интересите, правата и имотот на државата и на нејзините државјани и правни лица во странство;

- ги презема активностите поврзани со спроведувањето на одлуките на Советот за безбедност на Обединетите нации во поглед на рестриктивните мерки, усвоени согласно со одредбите на Поглавјето ВИИ на Повелбата на ОН;

- го координира учеството на Република Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика и Европската безбедносна и одбранбена политика на Европската унија;

- обезбедува координација на надворешно-политичките аспекти од учеството на Република Македонија во мисиите и операциите за одржување на меѓународниот мир и безбедност;

- го следи развојот на меѓународните економски односи и предлага соодветни одлуки до надлежните органи;

- се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседството;

- се грижи за положбата и човековите права на припадниците на заедниците, државјани на Република Македонија во странство;

- се грижи за положбата и човековите права на државјаните на Република Македонија кои привремено или постојано престојуваат во странство, како и за иселениците;

- ги организира и раководи со дипломатско-конзуларните и другите претставништва на Република Македонија и го организира системот на врски со нив;

- учествува во склучувањето, подготвувањето за ратификација и чувањето на меѓународните договори кон кои пристапила Република Македонија;

- го следи и придонесува во развојот на меѓународните односи и на меѓународното право;

- ја определува и обележува државната граница, ги одржува и обновува граничните белези и учествува во решавањето на граничните инциденти;

- ги предлага и спроведува визната политика и визниот режим на Република Македонија;

- раководи со Визниот центар и со визниот информациски систем со кој се обезбедува поврзаност на сите сегменти во процесот на спроведувањето на визниот режим на Република Македонија;

- комуницира со и ја координира соработката со странските дипломатско-конзуларни претставништва и со мисиите на меѓународните организации во Република Македонија;

- ги води постапката за акредитација и постапката по акредитивните писма на странски амбасадори, постапката за признавање на привилегии и имунитети на странските дипломатски претставништва и на претставништвата на меѓународните организации, во согласност со меѓународното право;

- ја предлага, подготовува и ја води постапката за именување и отповикување на шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија;

- ја води постапката за изнајмување, купување, изградба и одржување на недвижности во други држави за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија;

- ја собира и чува домашната и странската документација од областа на надворешната политика и меѓународните односи на Република Македонија во Дипломатската архива на Министерството;

- го известува претседателот за најзначајните прашања во остварувањето на надворешната политика на државата и дава мислења и предлози во врска со надворешно-политичките прашања од негова надлежност, вклучувајќи ги и безбедносните и одбранбените аспекти кои произлегуваат од меѓународните односи;

- учествува во подготовката и примената на актите и иницијативите на претседателот, согласно со надлежностите на Министерството;

- остварува соработка со здруженија на граѓани и со научни и стручни институции;

- го координира спроведувањето на политичките ставови за учеството во операции за одржување на меѓународниот мир и безбедност, во соработка со надлежните министерства и

- врши други работи определени со закон.

**д) Министер за надворешни работи**

Член 9

Во вршењето на надворешните работи министерот:

- учествува во креирањето на надворешната политика преку предлагање на општите насоки на надворешната политика вклучувајќи ги и прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата;

- предлага ставови од областа на надворешната политика и дава мислења од областа на надворешните работи и меѓународните односи;

- ја спроведува утврдената надворешна политика;

- во рамките на своите надлежности, го води и го спроведува политичкиот дијалог со меѓународните субјекти во името на Република Македонија;

- ги застапува ставовите на државата пред меѓународните организации и на меѓународните конференции;

- пред работното тело на Собранието надлежно за надворешна политика, најмалку два пати годишно, поднесува извештај за остварувањето на надворешната политика и меѓународната положба, вклучувајќи ги и безбедносните и одбранбените прашања на меѓународен план;

- на барање на Собранието, поднесува извештај за остварувањето на надворешната политика и меѓународната положба, вклучувајќи ги и безбедносните и одбранбените прашања на меѓународен план и

- на барање на Собранието или по предлог на Владата, ги образложува ставовите и активностите на Владата по однос на прашања од надворешната политика, вклучувајќи ги прашањата од меѓународните односи со импликации врз безбедноста и одбраната на земјата и за напредокот во спроведувањето на надворешната политика.

**Други органи кои имаат одредени надлежности во вршењето на надворешните работи**

**а) Органи на државната управа**

Член 10

Органите на државната управа во координација со Министерството, ги усогласуваат активностите во билатералните и мултилатералните разговори и преговори, во настапите на средбите со меѓународните субјекти и на меѓународните конференции ги застапуваат ставовите на утврдената надворешна политика на Република Македонија.

Во вршењето на надворешните работи органите на државната управа:

- кои учествуваат во меѓународните организации или меѓународни конференции го информираат Министерството за прашања од интерес за Република Македонија, за нејзините граѓани и правни лица;

- учествуваат во меѓународната соработка во рамките на своите надлежности и овластувања и се должни да постапуваат согласно со упатствата и инструкциите на Министерството кои се однесуваат на воспоставување, развој и прекин на соработката со странски субјекти;

- комуницираат со дипломатско-конзуларните претставништва и меѓународни организации во Република Македонија и во странство исклучително преку Министерството, освен ако со меѓународен договор поинаку не е утврдено;

- задолжително го известуваат Министерството за нивните претстојни билатерални и мултилатерални средби или преговори со претставници на други држави или за меѓународни конференции на кои, доколку Министерството оцени за потребно, испраќа свој претставник или претставник од дипломатско-конзуларното претставништво и

- за прашањата што се однесуваат на спроведувањето на надворешната политика, претходно се усогласуваат со Министерството и по завршената задача го известуваат. До усогласувањето, другите министерства и органи на државната управа дејствуваат согласно со ставовите и инструкциите на Министерството.

**б) Единици на локална самоуправа**

Член 11

Единиците на локалната самоуправа, остварувањето на меѓународната соработка ја вршат во рамките на утврдените законски надлежности и се раководат од начелата на утврдената надворешна политика на државата и притоа се должни да ги почитуваат упатствата и инструкциите на Министерството.

Трошоците или членарините за учеството на органите на единиците на локалната самоуправа во меѓународната соработка, се надоместуваат од средства од нивните буџети.

## III. МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Член 12

Министерот раководи со Министерството во согласност со закон.

Член 13

Заменикот на министерот го именува и разрешува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Заменикот на министерот раководи со Министерството во случај кога министерот е отсутен или кога поради болест и поради други причини не е во можност да ја врши својата функција.

Заменикот на министерот врши надворешни работи од надлежност на министерот што тој ќе му ги довери.

Член 14

Државниот секретар е највисок државен службеник во Министерството.

Државниот секретар го именува Владата на предлог на министерот, од редот на дипломатско-конзуларните службеници со највисоко звање.

За својата работа државниот секретар е одговорен пред министерот.

Член 15

Организациони единици на Министерството се директорат, сектор и одделение.

Министерот донесува акт за организација и работа со кој согласно со ставот 1 на овој член ќе се утврдат организационите единици и нивниот делокруг на работа. Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија се составен дел на организацијата на Министерството.

Министерот донесува акт за систематизација на работните места во Министерството и во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија.

Член 16

Согласно со условите утврдени со актот за систематизација на работните места во Министерството и дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија, министерот назначува директори од редот на дипломатско-конзуларните службеници, кои ја организираат работата и раководат со директоратите во Министерството.

Член 17

Министерот може да формира Дипломатски совет или други советодавни тела, од редот на амбасадорите од членот 46 став 1 на овој закон, научни, јавни работници и експерти од областа на надворешната политика и од граѓанското општество.

Министерот може да определи правен советник од редот на истакнати експерти од областа на меѓународното право.

Член 18

Министерот, по потреба, но најмалку еднаш во две години, одржува работен состанок со шефовите на дипломатско-конзуларните претставништва, на кој се расправа за прашања од надворешната политика и вршењето на надворешните работи на Република Македонија.

Во рамките на работниот состанок од ставот 1 на овој член, Министерството организира средби со претседателот, претседателот на Собранието, претседателот на Владата и претседателот на Комисијата за надворешна политика.

Член 19

Министерството врши работи од доменот на протоколот за потребите на претседателот на Републиката, претседателот на Владата и министерот во вршењето на нивните меѓународни активности.

Владата го утврдува начинот на вршењето на протоколарните работи со Уредба, чиј составен дел е и Пресеанс листата на Република Македонија.

Член 20

Во Министерството се води Дипломатски архив, како централен депозитар на домашни и странски документи и меѓународни договори од областа на меѓународните односи на Република Македонија.

Ракувањето и користењето на документите од ставот 1 на овој член се врши во согласност со прописите за архивско работење.

Член 21

Министерството се грижи за постојано стручно оспособување и усовршување на дипломатско-конзуларните службеници. Програмата и начинот на спроведување на стручното оспособување и усовршување се утврдува со акт на министерот.

Член 22

Министерството се грижи за контрола, безбедност и заштита на класифицираните информации во рамките на Министерството.

Член 23

За поддршка на извршувањето на работите, Министерството организира информациски и телекомуникациски систем кој во областа на надворешните работи обезбедува поврзаност во Министерството, Министерството со дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија и компатибилност со соодветните системи на меѓународните организации.

Системот за размена на информации со дипломатско-конзуларните претставништва и другите државни органи се поставува согласно со законските одредби за криптозаштита на Република Македонија.

Набавките на стоки и опрема кои имаат безбедносна компонента, а особено за составните делови и техничките решенија во машинската и програмската опрема на информациониот систем во областа на надворешните работи и тоа по природа, вид и намена се третираат како набавки од безбедносен карактер и тие се вршат според прописите на Владата согласно со Законот за јавните набавки.

Член 24

Материјалните и техничките потреби за извршување на своите работи на Министерството, Дипломатскиот протокол, Дипломатскиот архив и Информацискиот и телекомуникацискиот систем за врски се обезбедуваат со средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ДИПЛОМАТСКО-КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИШТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Дипломатско-конзуларни претставништва**

Член 25

Дипломатски претставништва на Република Македонија се амбасади, постојани мисии при меѓународни организации, канцеларии за врски и специјални мисии.

Конзуларни претставништва на Република Македонија се генерален конзулат, конзулат и конзуларна канцеларија.

Со посебна одлука Владата основа и културно-информативни центри, економски и други претставништва во странство.

Културно-информативните центри, економските и други претставништва на Република Македонија во странство, работат во состав на дипломатско- конзуларните претставништва на Република Македонија.

Член 26

Амбасадата и Канцеларијата за врски покрај функциите наведени во Виенската конвенција за дипломатски односи, ги вршат и следниве функции:

- ја претставуваат и застапуваат Република Македонија во државата на приемот;
- ги штитат интересите на Република Македонија и на нејзините државјани и правните лица и вршат конзуларно-правни работи;
- ги унапредуваат и развиваат односите и севкупната соработка меѓу Република Македонија и државата на приемот од интерес за Република Македонија;
- учествуваат во преговорите со владата на државата на приемот;
- ја следат внатрешната и надворешната положба и активноста на државата на приемот и за тоа го известуваат Министерството, кое информациите ги проследува до претседателот и
- ги известуваат органите, институциите и јавноста на државата на приемот за ставовите и развојот на Република Македонија.

Амбасадата и Канцеларијата за врски ја развиваат својата работа на политичко, економско, безбедносно, културно, научно-техничко, информативно и друго поле.

Амбасадата и Канцеларијата за врски особена грижа посветуваат на положбата и човековите права на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и на државјаните на Република Македонија.

Член 27

Постојаната мисија, покрај функциите наведени во Виенската конвенција за претставување на државите во меѓународните организации, ги врши и следниве функции:

- ја претставува и застапува Република Македонија во меѓународната организација;
- ги унапредува и развива односите и севкупната соработка меѓу Република Македонија и меѓународната организација, од интерес за Република Македонија;
- учествува во преговорите со органите на меѓународната организација;
- се залага за ставовите и интересите на Република Македонија во меѓународните организации;
- ги следи активностите на меѓународната организација и за тоа го известува Министерството, кое информациите ги проследува до претседателот и
- ги известува органите и институциите на меѓународната организација за ставовите и развојот на Република Македонија.

Член 28

Конзуларното претставништво ги врши работите во согласност со Виенската конвенција за конзуларни односи.

Конзуларното претставништво:

- ги штити интересите на Република Македонија и на нејзините државјани и правни лица и врши конзуларно-правни работи;
- ги поттикнува и развива односите меѓу Република Македонија и конзуларното подрачје во државата на приемот во областа на економијата, културата, науката и образованието;
- известува за настаните од сите области на живеењето на конзуларното подрачје и пошироко за настаните во државата на приемот;
- ја развива соработката со припадниците на македонскиот народ во соседните земји и со припадниците на делови на другите народи кои живеат во Република Македонија а се нејзини државјани, во соседните земји;
- ја развива соработката со иселениците и со државјаните на Република Македонија кои привремено или постојано престојуваат во странство;
- одржува контакти со државните и локалните органи на конзуларното подрачје и
- се грижи за остварувањето на работните и социјални права на државјаните на Република Македонија во државата на приемот.

Конзулатот врши и други работи во согласност со меѓународното право кои му се доверени од министерот.

Стварната и територијалната надлежност на конзулатот на Република Македонија се утврдува со државата на приемот. Постапката за утврдување на надлежноста на конзулатот ја води Министерството.

Член 29

Специјалната мисија е времена мисија за преговарање за одредени прашања или за исполнување на одредени задачи што Република Македонија ја упатува во друга држава со нејзина согласност.

Шефот на специјалната мисија, нејзиниот мандат и начинот на финансирање се одредуваат со одлука на Владата.

Член 30

Во случаи кога тоа претставува надворешно-политички интерес на државата, Владата на предлог на Министерството дава согласност за отворање канцеларија на Република Македонија, во согласност со виенските конвенции.

**Отворање на дипломатско-конзуларно претставништво**

Член 31

Отворање на ново дипломатско-конзуларно претставништво и друго претставништво се врши со одлука на Владата, на предлог на Министерството.

Член 32

На територијата на државата на приемот во која не се отворени конзуларни претставништва на Република Македонија, конзуларното одделение на амбасадата на Република Македонија во државата на приемот ги врши конзуларните работи и дава заштита на интересите на државјаните и на правните лица на Република Македонија во таа држава.

Ако во една држава на прием постои само генерален конзулат или конзулат на Република Македонија тој, покрај конзуларните работи, со посебно овластување на министерот, врши и други функции кои ќе му бидат доверени и кои се во согласност со меѓународните конвенции за дипломатски и конзуларни односи.

Член 33

Владата, на предлог на Министерството, донесува одлука за заштита на интересите на Република Македонија, на нејзините државјани и правни лица од страна на друга држава во држави во кои Република Македонија нема свое дипломатско или конзуларно претставништво.

Владата, на предлог на Министерството, донесува одлука за заштита на интересите на друга држава, на нејзините државјани и правни лица во држави во кои односната држава нема свое дипломатско или конзуларно претставништво.

Постапката за спроведување на одлуката на Владата од ставовите 1 и 2 на овој член ја спроведува Министерството, во согласност со меѓународното право и во согласност со овој закон.

**Шеф на дипломатско и на конзуларно претставништво**

Член 34

Шеф на дипломатско претставништво е амбасадор, шеф на конзуларно претставништво е генерален конзул или конзул (во натамошниот текст: шеф на дипломатско-конзуларно претставништво).

**Одговорност на шефот на дипломатското и конзуларното претставништво**

Член 35

Шефот на дипломатското претставништво и шефот на конзуларното претставништво раководи со претставништвото, во согласност со неговите надлежности утврдени со закон и подзаконските акти на министерот.

Шефот на дипломатското претставништво ја усогласува и надгледува дејноста на конзуларните претставништва на Република Македонија во државата на приемот.

Шефот на дипломатско-конзуларното претставништво ги врши и следниве задачи:

- ја организира работата на дипломатско-конзуларното претставништво, распоредува задачи и презема мерки во врска со прашањата во надлежност на претставништвото;
- согласно со прописите се грижи за остварувањето на правата и обврските на службениците во претставништвото;
- одлучува во рамките на буџетот на дипломатско-конзуларното претставништво за финансиско-материјалното работење на претставништвото и
- врши и други работи согласно со прописите и упатствата на министерот.

Дипломатско-конзуларните службеници, стручно-административните службеници и другите вработени во претставништвото за својата работа непосредно се одговорни пред шефот на претставништвото.

За утврдување на нивната одговорност, постапката ја покренува шефот на претставништвото или Генералниот инспекторат на Министерството.

**Услови и постапка за именување на амбасадор**

Член 36

За амбасадор може да се именува лице ако ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин само на Република Македонија;
- да има завршено високо образование;
- активно да владее два странски јазика, од кои задолжително еден од јазиците во службена употреба во Организацијата на Обединетите нации. Доколку службениот јазик на земјата на приемот е различен од јазиците во службена употреба во Организацијата на Обединетите нации, да има основни познавања од него;
- да има стекнато високо дипломатско звање, во случај кога кандидатот за амбасадор е од составот на дипломатско-конзуларните службеници, односно да биде афирмирана личност во областа на надворешната политика и меѓународните односи;
- да има здравствена и психофизичка способност;
- да не е осудуван за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку шест месеца, за кривично дело во врска со службената должност, или за друго кривично дело што го прави недостоен за амбасадор и
- да има соодветен безбедносен сертификат.

Најмалку две третини од вкупниот број на амбасадори се именуваат од составот на дипломатско-конзуларните службеници со највисоки дипломатски звања во Министерството.

При именување на амбасадорите се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и принципот на еднакви можности на половите.

Амбасадорот кој не е именуван од составот на дипломатско-конзуларните службеници, за времетраењето на својот мандат ги остварува правата и обврските од работен однос во Министерството. По завршувањето на мандатот на амбасадорот му престануваат сите права од работниот однос во Министерството.

Член 37

Врз основа на претходна усогласеност меѓу претседателот и министерот за кандидат за амбасадор, постапката за именување на амбасадор на Република Македонија ја поведува министерот, кој до Владата доставува предлог за именување на амбасадор.

По прифаќање на предлогот од страна на Владата, претседателот на Владата писмено го информира претседателот за предлогот за именување на амбасадор. Претседателот писмено се изјаснува по однос на предлогот до претседателот на Владата, најдоцна во рок од 30 дена од приемот на предлогот.

Член 38

По добивањето на позитивниот став од претседателот во однос на предлогот за кандидат за амбасадор, Министерството од државата на приемот бара агреман за кандидатот за амбасадор.

Член 39

По добивањето на агреманот, кандидатот за амбасадор започнува со подготовки за преземање на должноста, кои траат најмногу 60 дена и се сметаат за завршени по завршниот разговор на кандидатот за амбасадор со министерот и директорите во Министерството.

По завршниот разговор кандидатот за амбасадор ги презентира своите согледувања за односите со државата на приемот или меѓународната организација пред работното тело на Собранието, надлежно за надворешна политика.

Член 40

По добиениот агреман и завршените подготовки претседателот потпишува указ за поставување на амбасадорот.

Со објавување на указот во „Службен весник на Република Македонија”, министерот го парафира, а претседателот го потпишува акредитивното писмо, по што амбасадорот ја презема должноста во државата на приемот или меѓународната организација најдоцна во рок од 30 дена.

Член 41

Во постапката за именување на амбасадор при меѓународна организација, не се бара агреман, туку важат правилата на меѓународната организација за поставување на постојан претставник во ранг на амбасадор.

Член 42

Мандатот на амбасадорот трае до четири години и започнува од денот на преземањето на должноста.

Член 43

Во согласност со државата на приемот, амбасадор може да биде акредитиран истовремено за една или повеќе држави, односно меѓународни организации.

Седиштето на амбасадорот може да биде во Министерството или во дипломатско-конзуларно претставништво.

**Отповикување на амбасадор**

Член 44

Најдоцна шест месеца пред истекот на мандатот на амбасадорот, претседателот на Владата, на предлог на министерот, го информира претседателот за истекување на мандатот, по што министерот го информира и амбасадорот, кој е должен да започне со подготовки за негово враќање.

Мандатот на амбасадорот престанува со денот на објавувањето на указот за отповикување во „Службен весник на Република Македонија”.

По престанувањето на мандатот и враќањето во земјата, амбасадорот поднесува извештај за својата работа до министерот и претседателот.

По престанувањето на мандатот и враќањето во земјата, амбасадорот ги презентира резултатите од својата работа пред работното тело на Собранието надлежно за надворешна политика.

Член 45

Мандатот на амбасадорот може да трае и пократко од четири години, доколку:

- самиот тоа го побара;
- е прогласен за persona non grata од страна на државата на приемот или
- има незадоволителни резултати во работата или со своето работење им причинува штета на интересите на државата.

Во случаите од ставот 1 на овој член, претседателот го отповикува амбасадорот најдоцна за 30 дена.

Иницијатива за отповикување на амбасадорот може да покрене и Владата, по барање на министерот.

Член 46

Лицето именувано за амбасадор стекнува дипломатско звање амбасадор. Еднаш стекнатото дипломатско звање амбасадор не се губи со престанокот на неговиот мандат, независно од неговиот иден работен ангажман.

Звањето амбасадор може да биде одземено со указ на претседателот во следниве случаи:

- ако амбасадорот самиот тоа го побара;
- ако претседателот, претседателот на Владата и министерот се согласат дека со своето дејствување им причинува штета на интересите на државата;
- ако е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку две години и
- по правосилна пресуда на меѓународните судови основани со меѓународен договор на кои Република Македонија е членка.

Указот од ставот 2 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија”.

**Одговорност на амбасадорот**

Член 47

Амбасадорот за своето работење е непосредно одговорен пред министерот, а за прашања од спроведувањето на надворешната политика и пред претседателот.

Претседателот или министерот може да го повика амбасадорот во земјата за консултации за прашања од својата надлежност. За исходот од консултациите претседателот и министерот заемно се информираат.

**Должности на амбасадорот**

Член 48

Покрај должностите на дипломатско-конзуларните службеници утврдени во овој закон, амбасадорот е должен да:

- постапува согласно со утврдената надворешна политика на Република Македонија;
- придонесува во градењето на односите со државата на приемот или меѓународната организација и
- раководи со претставништвото во кое е именуван.

**Услови и постапка за именување на генерален конзул**

Член 49

За генерален конзул може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин само на Република Македонија;
- да има завршено високо образование;
- активно да владее два странски јазика, од кои задолжително еден од јазиците во службена употреба во Организацијата на Обединетите нации. Доколку службениот јазик на земјата на приемот е различен од јазиците во службена употреба во Организацијата на Обединетите нации, да има основни познавања од него;
- да има стекнато високо дипломатско звање;
- да има здравствена и психофизичка способност;
- да не е осудуван за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку шест месеца, за кривично дело во врска со службената должност, или за друго кривично дело што го прави недостоен за генерален конзул и
- да има соодветен безбедносен сертификат.

Член 50

Постапката за именување на генерален конзул ја покренува министерот, кој до Владата доставува предлог за именување на генерален конзул.

По прифаќање на кандидатот од страна на Владата, Министерството бара егзекватура од земјата на приемот.

Член 51

По добивање на егзекватурата, кандидатот за генерален конзул започнува со подготовки за преземање на должноста, кои траат најмногу 60 дена и се сметаат за завршени по завршниот разговор со министерот и директорите во Министерството.

Член 52

По добиената егзекватура и завршените подготовки, Владата донесува одлука за именување на генерален конзул.

Со објавување на одлуката од ставот 1 на овој член во „Службен весник на Република Македонија", министерот го парафира, а претседателот на Владата го потпишува патентното писмо за генералниот конзул.

По приемот на патентното писмо, генералниот конзул ја презема должноста во државата на приемот најдоцна во рок од 30 дена.

Член 53

Мандатот на генералниот конзул трае до четири години и започнува од денот на преземањето на должноста.

**Отповикување на генералниот конзул**

Член 54

Најдоцна шест месеца пред истекот на мандатот на генералниот конзул, министерот го информира претседателот на Владата за истекување на мандатот. Министерот го информира и генералниот конзул, кој е должен да започне со подготовки за негово враќање во земјата.

Мандатот на генералниот конзул престанува со денот на објавувањето на одлуката за отповикување во „Службен весник на Република Македонија".

По престанување на мандатот и враќањето во земјата, генералниот конзул поднесува извештај за својата работа до Министерството и претседателот на Владата.

Член 55

Мандатот на генералниот конзул може да трае и пократко од четири години, доколку:

- самиот тоа го побара,
- е прогласен за persona non grata од страна на државата на приемот или
- претседателот на Владата и министерот се согласат дека тој има незадоволителни резултати во работата или со своето работење им причинува штета на интересите на државата.

Во случаите од ставот 1 на овој член генералниот конзул се отповикува најдоцна за 30 дена.

**Одговорност на генералниот конзул**

Член 56

Генералниот конзул за своето работење е непосредно одговорен пред министерот и пред претседателот на Владата.

Претседателот на Владата или министерот може да го повика генералниот конзул во земјата за консултации за прашања од својата надлежност. За исходот од консултациите претседателот на Владата и министерот заемно се информираат.

**Должности на генералниот конзул**

Член 57

Покрај должностите на дипломатско-конзуларните службеници утврдени со овој закон, генералниот конзул е должен да:

- постапува согласно со утврдената надворешна политика на Република Македонија;
- придонесува во градењето на односите со земјата на приемот или меѓународната организација;
- постапува согласно со инструкциите и насоките на министерот и
- раководи со претставништвото во кое е именуван.

Член 58

Во државите во кои Република Македонија има акредитирано амбасадор, шефот на конзуларното претставништво на Република Македонија во таа држава, со посебно овластување на амбасадорот или на министерот врши и други работи од дипломатски карактер на неговото конзуларно подрачје.

**Специјален пратеник**

Член 59

Претседателот, за посебни прашања од неговата уставна надлежност и од утврдената надворешна политика на Република Македонија, во консултација со Министерството, испраќа специјален пратеник.

Инструкциите за работењето на специјалниот пратеник ги издава претседателот. При издавањето на инструкциите претседателот може да побара мислење од министерот.

Ресурсите за вршење на мисиите на специјалните пратеници ги обезбедува претседателот, а нивната организација, по барање на претседателот, ја врши Министерството.

Член 60

Специјалниот пратеник:

- ја претставува Република Македонија и ги штити нејзините интереси;
- се залага за успешно постигнување на целите на мисијата што му е доверена и
- врши и други работи пропишани со закон, со меѓународни договори и со други прописи.

**Почесен конзул**

Член 61

Владата, на предлог на министерот, именува почесен конзуларен функционер (во натамошниот текст: почесен конзул) од редот на лицата кои живеат во државата на приемот и во неа уживаат углед и доверба.

Почесниот конзул го раководи конзуларното претставништво, за чие отворање одлука донесува Владата. Почесниот конзул врши задачи утврдени со упатство на министерот.

Почесниот конзул работи согласно со упатствата и под надзор на шефот на надлежното дипломатско-конзуларно претставништво. За сите позначајни работи се консултира со шефот на надлежното дипломатско-конзуларно претставништво. Во јавни настапи се однесува согласно со насоките на Министерството. За својата дејност тековно го известува надлежното дипломатско-конзуларно претставништво и со него ја усогласува својата работа. Во случаи кога нема надлежно дипломатско-конзуларно претставништво, неговата улога непосредно ја презема Министерството.

Почесниот конзул ги обезбедува средствата за функционирање на конзуларното претставништво. Министерството обезбедува знаме, грб, табла со службен назив на конзулатот и печати. Почесниот конзул треба да обезбеди услови за вршење на функцијата утврдени со акт на Владата, донесен на предлог на министерот.

**Заменик шеф на дипломатското претставништво и времен вршител на работи**

Член 62

Министерот именува заменик шеф на дипломатското претставништво. Заменик шефот на дипломатското претставништво е вториот дипломатско-конзуларен службеник по ранг упатен во дипломатското претставништво.

Во случај на отсуство на шефот на дипломатско-конзуларното претставништво или негова спреченост во извршувањето на функцијата го заменува заменикот шеф на дипломатско-конзуларното претставништво, во својство на времен вршител на работите на мисијата.

Доколку во една држава на прием не е именуван шеф на дипломатско-конзуларното претставништво, министерот именува времен вршител на работите на дипломатско-конзуларно претставништво во државата на приемот, односно во меѓународната организација.

## V. ВРАБОТЕНИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО (РАБОТНИ ОДНОСИ)

**Општи одредби**

Член 63

Во Министерството се вработени државни службеници и други вработени.

Правата и обврските од работниот однос на државните службеници вработени во Министерството се уредени со овој закон, Законот за државните службеници и општите прописи за работни односи.

Правата и обврските од работниот однос на другите вработени во Министерството, се уредени со општите прописи за работните односи.

**Посебни услови за вработување во Министерството**

Член 64

Работен однос во Министерството може да заснова лице кое покрај општите услови, утврдени во Законот за државните службеници, ги исполнува и следниве посебни услови:

- за лице кое се вработува како стручен или раководен државен службеник, активно да владее два странски јазика, од кои задолжително еден од официјалните јазици на Организацијата на Обединетите нации (ООН);
- за лице кое се вработува како стручно-административен државен службеник, активно да владее еден од официјалните јазици на ООН;
- да има здравствена и психофизичка способност;
- да има основна информатичка оспособеност;
- да не е осудувано за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку шест месеца, за кривично дело во врска со службената должност, или за друго кривично дело што го прави недостоен за работа во Министерството и
- да има соодветен безбедносен сертификат.

Член 65

Раководниот и стручниот државен службеник, вработен во Министерството може да се стекне со статус на дипломатско-конзуларен службеник и соодветно дипломатско звање по положен дипломатски испит. Дипломатскиот испит може да се полага по поминати две години работен стаж во Министерството, во што се засметува и приправничкиот стаж.

Дипломатскиот испит е задолжителен за државниот службеник кој врши надворешни работи во смисла на овој закон. Начинот на спроведување и програмата за полагање на дипломатскиот испит се утврдуваат со акт на министерот.

За положениот дипломатски испит на државниот службеник му се издава уверение, а министерот носи и решение за стекнување на соодветно дипломатско звање. Министерот со акт го пропишува образецот на Уверението за положен дипломатски испит.

Државниот службеник има право да го полага дипломатскиот испит само еднаш.

**Дипломатско-конзуларни звања**

Член 66

Дипломатско-конзуларните службеници се стекнуваат со следниве дипломатски звања:

- амбасадор;
- ополномоштен министер;
- министер советник;
- советник;
- прв секретар;
- втор секретар;
- трет секретар и
- аташе.

Дипломатско-конзуларните службеници упатени на работа во конзуларните претставништва се стекнуваат со следниве конзуларни звања:

- генерален конзул;
- конзул;
- вицеконзул и
- конзуларен агент.

Конзуларните звања од ставот 2 на овој член соодветствуваат на следниве дипломатски звања:

- генерален конзул на ополномоштен министер или министер советник;
- конзул на советник или прв секретар;
- вицеконзул на втор или трет секретар и
- конзуларен агент на аташе.

**Стекнување на повисоко дипломатско звање или негово одземање**

Член 67

Стекнувањето со повисоко дипломатско звање или одземањето на дипломатското звање на дипломатско-конзуларниот службеник се уредува со акт на министерот во кој се утврдува:

- постапката за стекнување на секое дипломатско звање;
- условите и критериумите за редовно и вонредно напредување во дипломатско звање и
- постапката и условите за одземање на дипломатското звање.

Напредувањето или одземањето е возможно само во непосредно повисоко, односно пониско звање.

Решението за стекнување на повисоко дипломатско звање или за одземање на дипломатското звање го донесува министерот во постапка утврдена со актот од ставот 1 на овој член.

**Упатување на дипломатско-конзуларен службеник на работа во дипломатско-конзуларно претставништво**

Член 68

Дипломатско-конзуларниот службеник може да биде упатен на работа во дипломатско-конзуларно претставништво.

Начинот на упатување во дипломатско-конзуларните претставништва се уредува со акт на министерот.

За упатување на работа во дипломатско-конзуларно претставништво, во Министерството се распишува интерен конкурс.

Дипломатско-конзуларниот службеник има право да се пријави на конкурсот, доколку ги исполнува следниве услови:

- исполнети услови предвидени од конкурсот за упатување во соодветно дипломатско-конзуларно претставништво;
- позитивна оцена за работењето во претходната година, со оцена најмалку “задоволува”;
- пред првото упатување да поминал на работа во Министерството најмалку две години и
- при повторно упатување, да поминал на работа во Министерството најмалку 24 месеца.

Постапката за спроведување на изборот ја води комисија формирана од министерот со која раководи државниот секретар. Комисијата донесува одлука за избор на дипломатско-конзуларниот службеник, која се објавува јавно во Министерството.

Врз основа на одлуката на комисијата од ставот 5 на овој член, министерот донесува решение за упатување на дипломатско-конзуларниот службеник во дипломатско-конзуларното претставништво, во траење до четири години.

Член 69

Дипломатско-конзуларниот службеник може да биде вратен од дипломатско- конзуларното претставништво пред истекот на времето за кое е упатен, под услови и постапка утврдени со акт на министерот.

Член 70

Министерот, поради потребите на службата, може по исклучок да упати дипломатско-конзуларен службеник на работа во дипломатско-конзуларно претставништво без објавување на интерен конкурс, но не подолго од шест месеца.

Упатувањето на дипломатско-конзуларниот службеник од ставот 1 на овој член не може последователно да се повтори.

Член 71

Дипломатско-конзуларниот службеник не може да биде упатен на работа во исто дипломатско-конзуларно претставништво во кое е веќе упатен неговиот брачен другар/лицето од вонбрачна заедница, согласно со закон, или членови на неговото потесно семејство.

Член 72

По враќањето во земјата, дипломатско-конзуларниот службеник го задржува последното дипломатско звање што го имал во дипломатско-конзуларното претставништво.

**Посебни должности на дипломатско-конзуларниот службеник**

Член 73

Дипломатско-конзуларниот службеник е должен да постапува во согласност со законодавството на Република Македонија и меѓународното право кое ја обврзува Република Македонија.

Посебни должности на дипломатско-конзуларниот службеник се:

- да ги штити интересите на Република Македонија, угледот на државата, нејзините институции и установи;
- совесно да ги извршува работните задачи кои произлегуваат од одредбите на овој закон;
- да постапува во согласност со одредбите на овој закон, насоките и инструкциите на министерот;
- да ги заштитува правата и интересите на државјаните и правните лица од Република Македонија;
- да дејствува во рамките на начелата на меѓународното право и доследно да се придржува до одредбите на меѓународното дипломатско и конзуларно право;
- да известува објективно и точно за извршувањето на дадените задачи, за сознанијата и информациите од важност за интересите на Република Македонија;
- доследно да ги извршува доверените задачи;
- да ги чува документите, податоците, инсталациите и опремата;
- да ги чува класифицираните информации до кои дошол во вршењето на работата;
- доследно да ги почитува прописите, обичаите и правилата на однесување, како и протоколарните правила;
- да не прима подароци и други материјални средства, освен вообичаените лични подароци од мала вредност во согласност со пропис и
- да не го користи дипломатскиот пасош спротивно на неговата намена.

Дипломатско-конзуларен службеник на работа во дипломатско- конзуларните претставништва, покрај должностите утврдени во ставовите 1 и 2 на овој член е должен и:

- достојно да ја претставува Република Македонија во земјата на приемот во и надвор од работното место и работното време;
- да ги почитува прописите и обичаите на државата на приемот и да не се меша во нејзините внатрешни работи и
- да не се користи со привилегиите и имунитетите и со дипломатската пошта спротивно на нивната пропишана намена.

Прекршувањето на одредбите од овој член претставува повреда на работна должност и повлекува дисциплинска одговорност.

**Обврска за чување на класифицирани информации**

Член 74

Дипломатско-конзуларниот службеник е должен да ги чува класифицираните информации со степен на тајност определен согласно со закон до кој дошол во вршењето на работата и задачите во Министерството.

Обврската за чување на класифицираните информации од ставот 1 на овој член трае и по престанокот на работниот однос.

**Плати и додатоци на плати на дипломатско-конзуларен службеник**

Член 75

Платата на дипломатско-конзуларен службеник на работа во дипломатско- конзуларното претставништво се утврдува, пресметува и исплатува во странска валута, врз основа на основиците за секоја земја одделно и коефициентот по звање.

Вредноста на коефициентот за утврдување на основиците годишно се определува врз основа на “Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци” која ја објавуваат надлежните органи на Организацијата на Обединетите нации за земјите на акредитација и други релевантни околности.

Платата на дипломатско-конзуларниот службеник на работа во дипломатско-конзуларните претставништва се утврдува со коефициент од 2,80 до 4,50.

Платата на стручно-административниот државен службеник на работа во дипломатско-конзуларните претставништва, се утврдува со коефициент од 2,00 до 2,60.

Член 76

Дипломатско-конзуларниот службеник на работа во дипломатско-конзуларно претставништвото има право на додаток на платата во следниве случаи:

- за вршител на работите;
- за придружба на брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница, согласно со закон;
- за обемот и сложеноста на работата и
- за вршење на задачи во отежнати услови на работа, како што се воени услови, кризни ситуации, елементарни непогоди и тешки климатски услови.

На дипломатско-конзуларниот службеник на работа во дипломатско-конзуларното претставништво му се признава надоместок на определени материјални трошоци, и тоа:

- за изнајмување на стан;
- за школување на деца за основно и средно образование;
- за превоз до и од работа и
- други надоместоци утврдени со позитивните законски прописи на Република Македонија.

Со акт на Владата се уредува начинот и постапката за утврдување на платите, додатоците на плата и надоместоците на определени трошоци во дипломатско-конзуларното претставништво.

Член 77

Дипломатско-конзуларниот службеник не смее професионално да се занимава со друга дејност.

Дипломатско-конзуларниот службеник мора да го пријави на раководното лице сопствениот судир на интереси при вршењето на надворешните работи и да побара да биде изземен во вршењето на истите работи. Раководното лице е должно тоа да го земе предвид и да му определи на вработениот други работни задачи.

Непријавувањето на судирот на интереси претставува повреда на службената должност.

**Упатување на службеници вработени во државни органи и други органи на државната управа во дипломатско-конзуларно претставништво**

Член 78

Врз основа на писмена спогодба на Министерството со државен орган и друг орган на државната управа, министерот може во дипломатско-конзуларните претставништва и другите претставништва на Република Македонија да упати службеник вработен во државен орган и друг орган на државната управа за извршување на специфични економски, културни, безбедносни, информативни и други работи од интерес на Република Македонија.

Службеникот од ставот 1 на овој член треба да ги исполнува следниве услови:

- да има соодветно образование;
- да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност;
- активно да владее еден светски јазик или службен јазик на земјата на приемот;
- да има основна информатичка писменост;
- да има здравствена и психофизичка способност и
- да поседува безбедносен сертификат.

Член 79

Со спогодбата од членот 78 став 1 на овој закон се дефинира:

- претставништвото во кое се упатува службеникот;
- начинот на исплата на платата и надоместоците;
- начинот на финансирањето на опремата;
- средствата потребни за вршење на работата и на настанатите материјални трошоци;
- дипломатско-конзуларниот статус и звање во државата на приемот и
- други прашања.

За времето на работата во претставништвото лицето од членот 78 став 1 на овој закон има исти права и обврски како и вработените во дипломатско-конзуларните претставништва и одговара пред шефот на дипломатско-конзуларното претставништво.

По завршувањето на мандатот, службеникот од членот 78 став 1 на овој закон се враќа во органот од каде што бил упатен на служба во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија.

Член 80

Врз основа на писмена спогодба министерот може да упати дипломатско-конзуларни службеници како советници на претседателот, на претседателот на Владата, на претседателот на Собранието и во други министерства.

Член 81

Шефот на дипломатско-конзуларното претставништво, за вршење на административно-технички и помошни работи може, по претходна согласност од Министерството, да склучи договор со соодветно квалификувано лице кое е државјанин на или има престојувалиште во земјата на приемот.

Договорот се склучува под услови предвидени со законодавството на земјата на приемот.

Одредбите од членот 73 на овој закон важат и за лицата од ставот 1 на овој член.

**Право на надомест**

Член 82

За секоја повреда добиена во терористички или каков било физички напад во време на упатувањето во дипломатските и конзуларните претставништва, дипломатско-конзуларниот службеник или член на негово потесно семејство има право на надоместок за лекување и надоместок за изгубените способности како последици од таков напад.

Дипломатско-конзуларниот службеник кој ќе почине за време на упатувањето во дипломатско-конзуларното претставништво ќе се пренесе во земјата и ќе се погребе на трошок на Министерството.

Член 83

На брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница, согласно со закон на дипломатско-конзуларниот службеник упатен на работа во дипломатско-конзуларното претставништво му мирува работниот однос во организацијата, односно кај работодавецот, каде што работел најмалку шест месеца, пред заминување во странство во придружба на службеникот во дипломатско-конзуларното претставништво.

Министерството има обврска да ги уплатува придонесите за продолжено пензиско и инвалидско осигурување на брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница, согласно со закон за време на мирувањето на работниот однос во случајот од ставот 1 на овој член.

Брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница, согласно со закон на вработениот во дипломатско-конзуларното претставништво може да биде работно ангажиран во дипломатско-конзуларното претставништво, но притоа го губи надоместокот кој му следува по основ на придружување.

Брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница, согласно со закон на вработениот во дипломатско-конзуларното претставништво, или член на неговото потесно семејство може да биде работно ангажиран и во државата на приемот, по одобрение на Министерството и доколку државата на приемот тоа го дозволува. Во таков случај, брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница, согласно со закон или членот на неговото потесно семејство ги губи дипломатските привилегии, во обем утврден со законодавството на земјата на приемот или меѓународен договор.

Член 84

Дипломатско-конзуларниот службеник може да биде поддржан, упатен и кандидиран за одредени работни места и функции во меѓународни владини организации врз основа на конкурс, кога е тоа од интерес за Република Македонија.

За време на ангажирањето во меѓународната организација од ставот 1 на овој член, доколку меѓународната владина организација на приемот му ги исплатува платата и надоместоците, на службеникот му мирува работниот однос во Министерството.

Министерството може да ја поддржи кандидатурата на државен службеник или државјанин на Република Македонија за работни места и функции во меѓународни владини организации, доколку ги исполнува условите од членот 78 став 2 на овој закон.

**Примена на одредбите mutatis mutandis**

Член 85

Одредбите на членовите 68, 69, 71, 73, 74, 75, 76, 77, 82 и 83 од овој закон ќе се применуваат mutatis mutandis на стручно-административните државни службеници во Министерството и во дипломатско-конзуларните претставништва.

Службениците од ставот 1 на овој член пред упатување на работа во дипломатско-конзуларно претставништво полагаат конзуларен испит. Начинот и постапката на спроведување на овој испит се утврдува со акт на министерот.

## VI. СТРАНСКИ ДИПЛОМАТСКИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИШТВА

**Странски дипломатски, конзуларни и други претставништва**

Член 86

Дипломатско и конзуларно претставништво во Република Македонија може да отвори држава со која Република Македонија има воспоставено дипломатски односи, врз основа на меѓународен договор.

Меѓународна организација или меѓународна агенција може да има свое седиште на територијата на Република Македонија или да отвори своја канцеларија или оддел врз основа на членството на Република Македонија во таа организација или меѓународен договор.

Отворањето на претставништвата од ставовите 1 и 2 на овој член се врши врз основа на меѓународен договор, а по донесена одлука од страна на Владата, на предлог на Министерството.

Во особено основаните случаи и кога тоа претставува надворешно-политички интерес на државата Владата, на предлог на министерот, може да дозволи отворање на претставништво, кое не е претставништво на држава или на меѓународна организација.

Член 87

Државите или меѓународните организации, покрај претставништвата од членот 86, можат да отворат и канцеларии за вршење на конзуларни, стопански и информативно-културни дејности, во постапката предвидена во членот 86 на овој закон.

Член 88

Привилегиите и имунитетите на претставништвата од членовите 86 и 87 на овој закон и на нивниот персонал се регулираат со меѓународен договор или врз основа на принципот на реципроцитет, а начинот на нивното остварување со внатрешните прописи на Република Македонија.

**Шеф на странско дипломатско, конзуларно и друго претставништво**

Член 89

Владата, на предлог на министерот, а по прибавено мислење од надлежните органи и по добиена согласност од претседателот, издава агреман за шеф на странско дипломатско претставништво и согласност за шеф на претставништво на меѓународната организација во Република Македонија.

Владата, на предлог на министерот, а по прибавено мислење од надлежните органи издава егзекватура за шеф на странско конзуларно претставништво во Република Македонија. До добивање на егзекватурата, Министерството издава времена дозвола за работа на новонаименуваниот шеф на конзулатот.

Одговорот за бараниот агреман за шеф на странско дипломатско претставништво, за егзекватура за шеф на странско конзуларно претставништво на друга држава, како и за согласност за шеф на мисија на меѓународна организација во Република Македонија и за специјален пратеник на друга држава се дава во рок и на начин предвидени со меѓународното право и обичаи.

Член 90

Државите со кои Република Македонија има воспоставено дипломатски односи на ниво на амбасади, може да акредитираат свој амбасадор кој нема седиште во Република Македонија.

Член 91

Акредитивите на амбасадорите и на специјалните пратеници на странската држава, во утврдена протоколарна постапка ги прима претседателот на Републиката.

Копии на акредитивите претходно му се предаваат на министерот или на неговиот заменик.

Член 92

Патентните писма на генералните конзули на странските држави, во утврдена протоколарна постапка ги прима министерот или претставник на Министерството.

**Почесен конзул на странска држава**

Член 93

Државата со која Република Македонија има дипломатски или конзуларни односи може да именува почесен конзуларен функционер (почесен конзул).

Почесниот конзул може да биде македонски или странски државјанин со регулирано право на престој во Република Македонија.

Согласноста за именување на почесен конзул, на барање на државата која именува, ја дава Владата.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 94

Подзаконските акти чие донесување е предвидено со овој закон ќе бидат донесени најдоцна до 1 јануари 2007 година.

До денот на влегувањето во сила на актите од ставот 1 на овој член ќе продолжат да се применуваат постојните акти.

Член 95

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, дипломатските звања се утврдуваат на следниов начин:

1) вработените во Министерството на работа во дипломатско-конзуларните претставништва ги задржуваат постојните дипломатски звања и

2) на другите вработени во Министерството, дипломатското звање им се утврдува како што е подолу наведено:

- државен секретар - амбасадор/ополномоштен министер;
- државен советник - амбасадор/ополномоштен министер/министер советник;
- раководител на сектор - министер советник/советник;
- помошник раководител на сектор - министер советник/советник;
- раководител на одделение - советник/прв секретар;
- советник - прв секретар/втор секретар;
- виш соработник - втор секретар/трет секретар;
- соработник - трет секретар/аташе и
- помлад соработник - аташе.

Решението за определување на дипломатското звање од ставот 1 на овој член го донесува министерот.

Член 96

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за вршење на надворешните работи од надлежност на сојузните органи на управата и сојузните организации ("Службен лист на СФРЈ" број 56/81), кој согласно со Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е преземен како републички пропис.

Член 97

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2007 година.

---

**L I G J**
**PËR PUNË TË JASHTME**

I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet:

- mënyra dhe procedura e kryerjes së punëve të jashtme nga organet e pushtetit shtetëror;
- kompetencat e organeve të pushtetit shtetëror dhe e organeve të administratës shtetërore në krijimin, përcaktimin dhe zbatimin e politikës së jashtme;
- kompetenca, organizimi dhe puna e Ministrisë së Punëve të Jashtme të Republikës së Maqedonisë;
- lloji dhe procedura e hapjes së përfaqësive diplomatike dhe konsullore të Republikës së Maqedonisë;
- lloji dhe procedura e hapjes së përfaqësive diplomatike dhe konsullore të shteteve të tjera në Republikën e Maqedonisë dhe
- të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e nëpunësve diplomatikë-konsullorë në Ministrinë e Punëve të Jashtme dhe në përfaqësitë diplomatike dhe konsullore të Republikës së Maqedonisë;

Çështjet e punëve të jashtme të Republikës së Maqedonisë që nuk janë rregulluar me këtë ligj, rregullohen me rregulla të tjera të Republikës së Maqedonisë, me marrëveshje ndërkombëtare, me akte të tjera ndërkombëtare të cilat e obligojnë Republikën e Maqedonisë dhe me rregulla dokesore që janë të plotfuqishme në të drejtën ndërkombëtare.

Neni 2

Nocione të caktuara, sipas këtij ligji, kanë kuptimin si vijon:

1. **"Punë të jashtme"** ka të bëjë me:

- veprimet që i kryejnë organet kompetente të pushtetit shtetëror dhe organet e administratës shtetërore në realizimin e mbrojtjes së të drejtave dhe interesave të Republikës së Maqedonisë në marrëdhëniet ndërkombëtare me shtetet, me organet ndërkombëtare, organizatat dhe bashkësitë;

- veprimet diplomatike për ruajtjen dhe mbrojtjen e sigurisë, të sovranitetit dhe integritetit territorial të Republikës së Maqedonisë në sistemin e marrëdhënieve ndërkombëtare;
- veprimet e organeve kompetente në mbrojtjen e të drejtave dhe interesave të shtetasve dhe të personave juridikë të Republikës së Maqedonisë, para gjitha subjekteve të huaja kompetente;
- veprimet e organeve kompetente në vendosjen, ruajtjen, avancimin, suspendimin dhe ndërprerjen e marrëdhënieve me shtete dhe me bashkësi e organizata ndërkombëtare;
- autorizimet dhe obligimet e organeve kompetente në negocimin, kontraktimin, suspendimin ose prishjen e marrëveshjeve ndërkombëtare;
- autorizimet dhe obligimet e organeve kompetente në negocimin, aderimin dhe daljen nga anëtarësimi i Republikës së Maqedonisë, në apo nga organizata dhe bashkësi ndërkombëtare;
- veprime të tjera të organeve kompetente të Republikës së Maqedonisë, jashtë kufijve të shtetit, që janë të përcaktuara me ligj apo me marrëveshje ndërkombëtare, të cilat e obligojnë Republikën e Maqedonisë, shtetasit e saj dhe personat juridikë të regjistruar në Republikën e Maqedonisë.

2. **"Politikë e jashtme"** ka të bëjë me qëllimet politike dhe aktivitetet për marrëdhëniet e Republikës së Maqedonisë me shtetet dhe organet ndërkombëtare, me organizatat dhe bashkësitë, me të cilat sendërtohen interesat e Republikës së Maqedonisë në marrëdhëniet ndërkombëtare dhe mbrohen interesat e shtetasve të saj dhe të personave juridikë të regjistruar në të, e veçanërisht:
- ruajtja, konfirmimi dhe avancimi i interesave bazike të Republikës së Maqedonisë;
- ruajtja e sovranitetit, e pavarësisë dhe e integritetit territorial të Republikës së Maqedonisë dhe rregullimit të saj kushtetues.
- respektimi dhe avancimi i vlerave themelore të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë;
- ndarja e përbashkët e vlerave, interesave dhe e dëshirës për bashkëshoqërim mbi bazë të marrëveshjes së barabartë, në përputhje me Kushtetutën;
- përforcimi i demokracisë dhe sundimi i së drejtës në tërë botën, mbështetur mbi të drejtat dhe liritë e njeriut dhe përmes aplikimit dhe respektimit të tyre në të drejtën ndërkombëtare;
- ruajtja e paqes në botë, parandalimi i konflikteve dhe përforcimi i sigurisë ndërkombëtare, në përputhje me parimet e përmbajtura në Kartën e KB si dhe me principet e Dokumentit përfundimtar të Helsinkit dhe me qëllimet e Kartës së Parisit, duke përfshirë edhe ato për kufijtë e jashtëm dhe
- zhvillimi dhe përparimi i marrëdhënieve dhe bashkëpunimi i Republikës së Maqedonisë me fqinjët dhe me të gjitha shtetet, në mënyrë bilaterale dhe multilaterale, në organizatat rajonale dhe globale;

3. **"Organe për kryerje të punëve të jashtme"** janë:
- Presidenti i Republikës së Maqedonisë (në tekstin e mëtejmë -Presidenti),
- Kuvendi i Republikës së Maqedonisë (në tekstin e mëtejmë -Kuvendi),
- Qeveria e Republikës së Maqedonisë (në tekstin e mëtejmë - Qeveria), dhe
- Ministria e Punëve të Jashtme e Republikës së Maqedonisë (në tekstin e mëtejmë - Ministria) dhe Ministri i Punëve të Jashtme (në tekstin e mëtejmë - Ministri)

4. **"Përfaqësi diplomatike-konsullore", "përfaqësi diplomatike", "përfaqësi konsullore"** dhe "mision i përhershëm", janë përfaqësi të Republikës së Maqedonisë në shtete të tjera dhe në organizata ndërkombëtare, të cilat kryejnë punë të cekura në Konventën e Vjenës për marrëdhënie konsullore, në marrëveshje tjera ndërkombëtare dhe në këtë ligj dhe

5. **"Nëpunës diplomatik-konsullor"** është nëpunësi shtetëror i punësuar në Ministri, i cili në përputhje me këtë ligj është i autorizuar të kryejë punë të jashtme.

II. KRYERJA E PUNËVE TË JASHTME

Neni 3

Në realizimin e punëve të jashtme dhe politikën e jashtme, organet për kryerjen e punëve të jashtme i përcaktojnë kahet e përgjithshme, marrin dhe miratojnë vendime për aktivitete dhe qëndrime dhe i realizojnë me një bashkëpunim të ndërsjellë e të harmonizuar të gjitha aktivitetet shtetërore lidhur me punët e jashtme.

**Kompetencat në kryerjen e punëve të jashtme**

Neni 4

Organet kompetente për kryerjen e punëve të jashtme, punët e jashtme i kryejnë në kuadër të kompetencës së përcaktuar me Kushtetutë dhe me ligj.

Organet për kryerje të punëve të jashtme e krijojnë, e përcaktojnë dhe e zbatojnë politikën e jashtme të Republikës së Maqedonisë, në përputhje me Kushtetutën dhe ligjin.

Presidenti, Kryetari i Qeverisë dhe Ministri e prezantojnë shtetin në marrëdhëniet ndërkombëtare në përputhje me të drejtën ndërkombëtare dhe zakonet.

**a) Presidenti i Republikës së Maqedonisë**

Neni 5

Në kryerjen e punëve të jashtme, Presidenti i Republikës së Maqedonisë:
- e përfaqëson shtetin në marrëdhëniet ndërkombëtare, në përputhje me të drejtën ndërkombëtare dhe kompetencat e tij;
- merr pjesë në krijimin e politikës së jashtme në bashkëpunim me Qeverinë, përmes përcaktimit të kaheve të përgjithshme të politikës së jashtme, duke përfshirë edhe çështjet e marrëdhënieve ndërkombëtare me implikime mbi sigurinë dhe mbrojtjen e vendit;
- e ndjek zbatimin e politikës së jashtme dhe për rezultatet dhe mospajtimet eventuale me organet e tjera për kryerje të punëve të jashtme, mund ta njoftojë Kuvendin;
- jep propozime dhe merr pjesë në marrjen e qëndrimeve për çështje të caktuara të politikës së jashtme nga kompetenca e tij, përfshirë edhe aspektet e sigurisë dhe mbrojtjes të cilat dalin nga marrëdhëniet ndërkombëtare;
- akrediton dhe revokon me dekret ambasadorë dhe të dërguar të Republikës së Maqedonisë jashtë vendit, me procedurë të përcaktuar në këtë ligj;
- jep pëlqim për dhënien e agrementit, shefit të përfaqësisë së huaj diplomatike dhe
- i pranon letrat kredenciale dhe revokuese të përfaqësuesve të huaj diplomatikë, në procedurë të përcaktuar me këtë ligj.

**b) Kuvendi i Republikës së Maqedonisë**

Neni 6

Në kryerjen e punëve të jashtme, Kuvendi i Republikës së Maqedonisë:
- e përcakton politikën e jashtme të Republikës së Maqedonisë, duke përfshirë edhe çështjet e marrëdhënieve ndërkombëtare me implikime mbi sigurinë dhe mbrojtjen e vendit;
- me kërkesë të vet ose me kërkesë të Qeverisë, shqyrton raporte për zbatimin e politikës së jashtme dhe për pozitën ndërkombëtare të Republikës së Maqedonisë, duke përfshirë edhe çështjet e sigurisë dhe të mbrojtjes në planin ndërkombëtar;
- merr qëndrime për çështje të caktuara, me propozim të Qeverisë, përfshirë edhe çështjet e politikës së jashtme në lidhje me sigurinë dhe mbrojtjen;
- në rast të qëndrimeve divergjente për çështje nga fusha e punëve të jashtme, me propozim të Ministrisë, në emër të Qeverisë apo me propozim të Presidentit, Kuvendi diskuton për ato çështje, me ç'rast merr konkluzione përkatëse;

- trupi punues i Kuvendit, kompetent për politikë të jashtme, së paku dy herë në vit i shqyrton raportet e Ministrit për zbatimin e politikës së jashtme dhe

- sendërton bashkëpunim ndërkombëtar në kuadër të kompetencave të veta.

**c) Qeveria e Republikës së Maqedonisë**

Neni 7

Në kryerjen e punëve të jashtme, Qeveria e Republikës së Maqedonisë:

- merr pjesë në krijimin e politikës së jashtme, përmes përcaktimit të kaheve të përgjithshme të politikës së jashtme, në bashkëpunim me Presidentin, duke përfshirë edhe çështjet e marrëdhënieve ndërkombëtare me implikime mbi sigurinë dhe mbrojtjen e vendit;

- e njofton Kuvendin për çështje nga fusha e politikës së jashtme dhe e marrëdhënieve ndërkombëtare;

- me kërkesë të Kuvendit, paraqet raport për zbatimin e politikës së jashtme dhe për pozitën ndërkombëtare të Republikës së Maqedonisë, duke përfshirë edhe çështjet e sigurisë dhe të mbrojtjes në planin ndërkombëtar;

- e ndjek zbatimin e politikës së jashtme, ndërsa për rezultatet dhe mospajtimet eventuale me organet e tjera për kryerje të punëve të jashtme, mund ta njoftojë Kuvendin;

- i parashtron Presidentit mendime dhe propozime për çështje ndërkombëtare;

- i vendos, i zhvillon dhe i avancon marrëdhëniet politike, ekonomike apo financiare me një ose më shumë shtete apo organizata ndërkombëtare;

- vendos për regjimin e vizave të Republikës së Maqedonisë me shtete dhe subjekte të tjera në marrëdhëniet ndërkombëtare;

- vendos për ndërprerjen ose për zvogëlimin e pjesshëm apo të tërësishëm të marrëdhënieve politike, ekonomike ose financiare me një ose më shumë shtete apo organizata ndërkombëtare qeveritare ose joqeveritare, dhe për këtë e njofton Kuvendin;

- propozon emërimin dhe revokimin e ambasadorëve e të dërguarve dhe emëron dhe revokon shefa të përfaqësive konsullore të Republikës së Maqedonisë jashtë vendit, në përputhje me këtë ligj;

- lëshon agrement ose egzekuaturë për shefat e përfaqësive të huaja diplomatike-konsullore;

- vendos për hapjen e përfaqësive diplomatike-konsullore dhe përfaqësive të tjera të Republikës së Maqedonisë dhe për hapjen e përfaqësive të huaja diplomatike-konsullore ose përfaqësive të organizatave ndërkombëtare në Republikën e Maqedonisë, me procedurë të përcaktuar në këtë ligj;

- vendos për pjesëmarrjen e Republikës së Maqedonisë në Politikën e përbashkët të jashtme dhe të sigurisë dhe në Sigurinë Evropiane dhe politikën e mbrojtjes të Unionit Evropian;

- siguron mjete në kuadër të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë, për situata urgjente dhe të paparashikueshme që paraqiten në kuadër të zbatimit të politikës së jashtme;

- siguron mjete në Buxhet për kompensimin e shpenzimeve për taksën e anëtarësisë dhe për dalje të tjera që lindin nga anëtarësimi dhe nga pjesëmarrja e Republikës së Maqedonisë në organizata qeveritare ndërkombëtare;

- rregullisht i ndjek dhe i vlerëson marrëdhëniet ndërkombëtare të cilat kanë implikime mbi sigurinë dhe mbrojtjen dhe për këtë e informon Presidentin dhe Kuvendin.

- siguron që operacionet humanitare në të cilat merr pjesë Republika e Maqedonisë të bashkërenditen me ato të organizatave ndërkombëtare, dhe

- emëron konsuj nderi me procedurë të përcaktuar në këtë ligj.

**ç) Ministria e Punëve të Jashtme**

Neni 8

Në kryerjen e punëve të jashtme, Ministria:

- e përfaqëson dhe e afirmon Republikën e Maqedonisë, i zhvillon dhe i bashkërendit marrëdhëniet bilaterale e multilaterale dhe bashkëpunimin me shtete të tjera dhe me organizata ndërkombëtare;

- e zbaton politikën e jashtme;

- siguron bashkërenditje ndërmjet organeve kompetente për kryerje të punëve të jashtme gjatë kryerjes së punëve të jashtme;

- mban procedurë për vendosjen dhe ndërprerjen e marrëdhënieve diplomatike dhe konsullore me shtete të tjetra, si dhe procedurë për anëtarësim dhe vendosjen e marrëdhënieve me organizata ndërkombëtare;

- i mbron interesat, të drejtat dhe pronën e shtetit dhe të shtetasve të saj dhe të personave juridikë jashtë vendit;

- i ndërmerr aktivitetet lidhur me zbatimin e vendimeve të Këshillit të Sigurimit të Kombeve të Bashkuara, në aspekt të masave restriktive, të miratuara në përputhje me dispozitat e Kreut VII të Kartës së KB;

- e bashkërendit pjesëmarrjen e Republikës së Maqedonisë në Politikën e përbashkët të jashtme dhe të sigurisë dhe në Sigurinë Evropiane dhe politikën e mbrojtjes të Unionit Evropian;

- siguron bashkërenditje të aspekteve të politikës së jashtme nga pjesëmarrja e Republikës së Maqedonisë në misionet dhe operacionet për ruajtjen e paqes dhe sigurisë ndërkombëtare;

- e ndjek zhvillimin e marrëdhënieve ekonomike ndërkombëtare dhe propozon vendime përkatëse pranë organeve kompetente;

- kujdeset për pozitën dhe të drejtat e pjesëtarëve të popullit maqedonas në vendet fqinje;

- kujdeset për pozitën dhe të drejtat e njeriut të pjesëtarëve të bashkësive, shtetas të Republikës së Maqedonisë jashtë vendit;

- kujdeset për pozitën dhe të drejtat e njeriut të shtetasve të Republikës së Maqedonisë, të cilët përkohësisht apo përgjithmonë janë me qëndrim jashtë shtetit, si dhe për mërgimtarët;

- i organizon dhe drejton me përfaqësitë diplomatike-konsullore dhe me përfaqësitë e tjera të Republikës së Maqedonisë dhe e organizon sistemin e ndërlidhjeve me to;

- merr pjesë në lidhjen, përgatitjen për ratifikim dhe ruajtjen e marrëveshjeve ndërkombëtare, të cilave u është qasur Republika e Maqedonisë;

- e ndjek dhe kontribuon në zhvillimin e marrëdhënieve ndërkombëtare dhe të drejtës ndërkombëtare;

- e përcakton dhe shënon kufirin shtetëror, i mirëmban dhe restauron shenjat kufitare dhe merr pjesë në zgjidhjen e incidenteve kufitare;

- e propozon dhe e zbaton politikën e vizave dhe regjimin e vizave të RM-së;

- drejton me Qendrën e vizave dhe me sistemin informativ të vizave me të cilin sigurohet lidhje e të gjitha segmenteve në procesin e zbatimit të regjimit të vizave të Republikës së Maqedonisë;

- komunikon dhe e bashkërendit bashkëpunimin me përfaqësi të huaja diplomatike-konsullore dhe me misionet e organizatave ndërkombëtare në Republikën e Maqedonisë;

- e mban procedurën për akreditim dhe procedurën e letrave kredenciale të ambasadorëve të huaj, procedurën për njohjen e privilegjeve dhe imunitetit të përfaqësive të huaja diplomatike dhe të përfaqësive të organizatave ndërkombëtare, në përputhje me të drejtën ndërkombëtare;

- i propozon, përgatit dhe e mban procedurën për emërimin dhe revokimin e shefave të përfaqësive diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë;

- e mban procedurën për qiramarrje, blerje, ndërtim dhe mirëmbajtje të patundshmërive në shtete të tjera për nevojat e përfaqësive diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë;

- e mbledh dhe ruan dokumentacionin e brendshëm dhe atë të jashtëm nga fusha e politikës së jashtme dhe marrëdhënieve ndërkombëtare të Republikës së Maqedonisë, në Arkivin diplomatik të Ministrisë, dhe

- e njofton Presidentin për çështjet më të rëndësishme në realizimin e politikës së jashtme të shtetit dhe jep mendime dhe propozime në lidhje me çështjet e politikës

së jashtme në kompetencë të saj, duke përfshirë edhe aspektet e sigurisë dhe mbrojtjes të cilat dalin nga marrëdhëniet ndërkombëtare;

- merr pjesë në përgatitjen dhe aplikimin e akteve dhe iniciativave të Presidentit, në përputhje me kompetencat e Ministrisë;
- realizon bashkëpunim me shoqata të qytetarëve dhe me institucione shkencore dhe profesionale;
- e bashkërendit zbatimin e qëndrimeve politike për pjesëmarrje në operacione për ruajtjen e paqes dhe të sigurisë ndërkombëtare, në bashkëpunim me ministritë kompetente, dhe
- kryen punë të tjera të përcaktuara me ligj.

**d) Ministri i Punëve të Jashtme**

Neni 9

Në kryerjen e punëve të jashtme, Ministri:

- merr pjesë në krijimin e politikës së jashtme, përmes propozimit të kaheve të përgjithshme të politikës së jashtme, duke përfshirë edhe çështjet e marrëdhënieve ndërkombëtare me implikime mbi sigurinë dhe mbrojtjen e vendit;
- propozon qëndrime nga fusha e politikës së jashtme dhe jep mendime nga fusha e punëve të jashtme dhe marrëdhënieve ndërkombëtare;
- e zbaton politikën e përcaktuar të jashtme;
- në kuadër të kompetencave të tij, e mban dhe realizon dialogun politik me subjektet ndërkombëtare në emër të Republikës së Maqedonisë;
- i prezanton qëndrimet e shtetit para organizatave ndërkombëtare dhe në konferenca ndërkombëtare;
- para trupit punues të Kuvendit, kompetent për politikë të jashtme, së paku dy herë në vit paraqet raport për zbatimin e politikës së jashtme dhe pozitës ndërkombëtare, duke përfshirë edhe çështjet e sigurisë dhe të mbrojtjes në planin ndërkombëtar;
- me kërkesë të Kuvendit, paraqet raport për zbatimin e politikës së jashtme dhe pozitës ndërkombëtare, duke përfshirë edhe çështjet e sigurisë dhe të mbrojtjes në planin ndërkombëtar;
- me kërkesë të Kuvendit apo me propozim të Qeverisë, i justifikon qëndrimet dhe aktivitetet e Qeverisë që kanë të bëjnë me çështjet e politikës së jashtme, duke përfshirë edhe çështjet nga marrëdhëniet ndërkombëtare me implikime mbi sigurinë dhe mbrojtjen e vendit dhe për përparimin në zbatimin e politikës së jashtme.

**Organe të tjera që kanë kompetenca të caktuara në kryerjen e punëve të jashtme**

**a) Organet e administratës shtetërore**

Neni 10

Organet e administratës shtetërore në bashkërendim me Ministrinë, i harmonizojnë aktivitetet në bisedat dhe negociatat bilaterale dhe multilaterale, në paraqitjet në takimet me subjektet ndërkombëtare dhe në konferenca ndërkombëtare i prezantojnë qëndrimet e politikës së përcaktuar të jashtme të Republikës së Maqedonisë.

Në kryerjen e punëve të jashtme, organet e administratës shtetërore:

- të cilat marrin pjesë në organizata ndërkombëtare ose në konferenca ndërkombëtare e informojnë Ministrin për çështje me interes për Republikën e Maqedonisë, për qytetarët e saj dhe për personat juridikë;
- marrin pjesë në bashkëpunimin ndërkombëtar në kuadër të kompetencave dhe autorizimeve të tyre dhe detyrimisht duhet të veprojnë në përputhje me udhëzimet dhe instruksionet e Ministrisë që kanë të bëjnë me vendosjen, zhvillimin dhe ndërprerjen e bashkëpunimit me subjekte të huaja;
- komunikojnë me përfaqësitë diplomatike-konsullore dhe me organizata ndërkombëtare në Republikën e Maqedonisë dhe jashtë vendit ekskluzivisht përmes Ministrisë, përveç nëse me marrëveshje ndërkombëtare nuk është përcaktuar ndryshe;
- detyrimisht e njoftojnë Ministrinë për takimet e ardhshme bilaterale dhe multilaterale apo për negociatat me përfaqësues të shteteve të tjera ose për konferenca ndërkombëtare, në të cilat nëse Ministria vlerëson se ka nevojë, dërgon përfaqësuesin e vet apo përfaqësues nga përfaqësia diplomatike-konsullore, dhe
- për çështjet që kanë të bëjnë me zbatimin e politikës së jashtme, paraprakisht harmonizohen me Ministrinë dhe e njoftojnë pas kryerjes së detyrës. Deri në harmonizimin, ministritë dhe organet e tjera të administratës shtetërore veprojnë në përputhje me qëndrimet dhe instruksionet e Ministrisë.

**b) Njësitë e vetadministrimit lokal**

Neni 11

Njësitë e vetadministrimit lokal, realizimin e bashkëpunimit ndërkombëtar e kryejnë në kuadër të kompetencave të përcaktuara ligjore dhe udhëhiqen nga parimet e politikës së përcaktuar të jashtme shtetërore, me ç’rast duhet detyrimisht t’i respektojnë udhëzimet dhe instruksionet e Ministrisë.

Shpenzimet apo taksat e anëtarësisë për pjesëmarrjen e organeve të njësive të vetadministrimit lokal në bashkëpunimin ndërkombëtar, kompensohen nga mjetet e buxheteve të tyre.

III. MINISTRIA E PUNËVE TË JASHTME

Neni 12

Ministri drejton me Ministrinë, në përputhje me ligjin.

Neni 13

Zëvendësministrin e zgjedh dhe e shkarkon Kuvendi me shumicë votash nga numri i përgjithshëm i deputetëve.

Zëvendësministri drejton me Ministrinë në rast kur ministri mungon apo kur në rast të sëmundjes dhe për shkaqe të tjera nuk është në gjendje që ta ushtrojë funksionin.

Zëvendësministri i ushtron punët e jashtme në kompetencë të ministrit të cilat ai do t’ia besojë.

Neni 14

Sekretari shtetëror është nëpunësi më i lartë shtetëror në Ministri.

Sekretarin shtetëror e emëron Qeveria me propozim të ministrit, nga radhët e nëpunësve diplomatik-konsullor me titull më të lartë.

Për punën e tij, sekretari shtetëror përgjigjet para ministrit.

Neni 15

Njësi organizative të Ministrisë janë: drejtoria, departamenti dhe seksioni.

Ministri nxjerr akt për organizimin dhe punën me të cilin në përputhje me paragrafin 1 të këtij neni, do të përcaktohen njësitë organizative dhe fushëveprimi i punës së tyre. Përfaqësitë diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë janë pjesë përbërëse të organizimit të Ministrisë.

Ministri nxjerr akt për sistematizimin e vendeve të punës në Ministri dhe në përfaqësitë diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë.

Neni 16

Në përputhje me kushtet e përcaktuara me aktin për sistematizimin e vendeve të punës në Ministrinë dhe në përfaqësitë diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë, Ministri emëron drejtorë nga radhët e nëpunësve diplomatik-konsullor, të cilët e organizojnë punën dhe drejtojnë me drejtoritë brenda Ministrisë.

Neni 17

Ministri mund të formojë Këshill diplomatik apo trupa të tjerë këshillëdhënës, nga radhët e ambasadorëve nga neni 46 paragrafi 1 i këtij ligji, punonjësve shkencorë, publikë dhe ekspertë nga fusha e politikës së jashtme dhe nga shoqëria civile.

Ministri mund të caktojë këshilltar juridik nga radhët e ekspertëve të shquar nga fusha e së drejtës ndërkombëtare.

Neni 18

Ministri, sipas nevojës, por më së paku një herë në dy vjet, mban takim pune me shefat e përfaqësive diplomatike-konsullore, në të cilin diskutohen çështje të politikës së jashtme dhe të kryerjes së punëve të jashtme të Republikës së Maqedonisë.

Në kuadër të takimit të punës nga paragrafi 1 i këtij neni, Ministria organizon takime me Presidentin, kryetarin e Kuvendit, kryetarin e Qeverisë dhe kryetarin e Komisionit për politikë të jashtme.

Neni 19

Ministria kryen punë të sferës së protokollit për nevojat e Presidentit të Republikës, kryetarit të Qeverisë dhe ministrit gjatë ushtrimit të aktiviteteve të tyre ndërkombëtare.

Qeveria e përcakton mënyrën e kryerjes së punëve protokollare me Rregullore, pjesë përbërëse e së cilës është Lista Preseans e Republikës së Maqedonisë.

Neni 20

Në Ministri mbahet Arkiv diplomatik, si depozitar qendror i dokumenteve të vendit dhe atyre të jashtmeve dhe marrëveshjeve ndërkombëtare nga fusha e marrëdhënieve ndërkombëtare të Republikës së Maqedonisë.

Përdorimi dhe shfrytëzimi i dokumenteve nga paragrafi 1 i këtij neni, bëhet në pajtim me rregullat e punës arkivore.

Neni 21

Ministria kujdeset për aftësim dhe përsosje të vazhdueshme profesionale të nëpunësve diplomatikë-konsullorë. Programi dhe mënyra e zbatimit të aftësimit dhe e përsosjes profesionale përcaktohet me akt të ministrit.

Neni 22

Ministria kujdeset për kontrollin, sigurinë dhe mbrojtjen e informatave të klasifikuara në kuadër të Ministrisë.

Neni 23

Për përkrahje gjatë kryerjes së punëve, Ministria organizon sistem informativ dhe të telekomunikacionit, i cili në fushën e punëve të jashtme siguron ndërlidhje në Ministrinë, ndërlidhje të Ministrisë me përfaqësitë diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë dhe përputhshmëri me sistemet përkatëse të organizatave ndërkombëtare.

Sistemi për shkëmbim të informatave me përfaqësitë diplomatike-konsullore dhe me organet e tjera shtetërore instalohet në përputhje me dispozitat ligjore për kriptombrojtje të Republikës së Maqedonisë.

Furnizimet me mallra dhe pajisje që kanë komponentë sigurie, dhe veçanërisht për pjesët përbërëse dhe zgjidhjeve teknike në pajisjen programore dhe makinerike të sistemit të informimit në fushën e punëve të jashtme edhe atë sipas natyrës, llojit dhe dedikimit, trajtohen si furnizime me karakter sigurie dhe ato kryhen sipas rregullave të Qeverisë në përputhje me Ligjin për furnizime publike.

Neni 24

Nevojat materiale dhe teknike për kryerjen e punëve të Ministrisë, Protokollit diplomatik, Arkivit diplomatik dhe të Sistemit të informimit dhe të telekomunikacionit për ndërlidhje, sigurohen me mjete nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë.

## IV. PËRFAQËSITË DIPLOMATIKE-KONSULLORE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

**Përfaqësitë diplomatike-konsullore**

Neni 25

Përfaqësitë diplomatike të Republikës së Maqedonisë janë ambasadat, misionet e përhershme pranë organizatave ndërkombëtare, zyrat për ndërlidhje dhe misionet speciale.

Përfaqësi konsullore të Republikës së Maqedonisë janë konsullata e përgjithshme, konsullata dhe zyra konsullore.

Me vendim të veçantë, Qeveria themelon edhe qendra kulturore-informative, përfaqësi ekonomike dhe përfaqësi të tjera jashtë vendit.

“Правно или физичко лице кое испушта непречистени отпадни води или води со променливи својства и отпадни материи и супстанции во реципиентите, а нема уреди за пречистување, плаќа надоместок во висина од 1,0 % од утврдената цена на услугата од давателот на услугата за собирање и третман на отпадни води.

Надоместокот го пресметува и наплатува правното и физичкото лице кое стопанисува со системот за одведување и третман на отпадни води, при наплатата на цената за извршената услуга, врз основа на количината на водата што е испуштена во системот, го прикажува одвоено во фактурата или сметката, а е должно да го уплатува на соодветната уплатна сметка најдоцна до 20 во месецот за претходниот месец.”

Член 3

По членот 133 се додава нов член 133-а, кој гласи:

“Член 133-а

Правните и физичките лица кои се занимаваат со експлоатација на неметални материјални суровини кои се експлоатираат површински, плаќаат надоместок за заштита на водите од загадување на подземните води и нарушување на режимот на водите, во висина од 1% од цената на еден метар кубен експлоатирана минерална суровина.

Надоместокот го пресметува правното или физичкото лице кое експлоатира неметална минерална суровина, го прикажува одвоено во фактурата или сметката при пуштањето во слободно правниот промет, а е должно да го уплатува на соодветна уплатна сметка, најдоцна до 5 во месецот за претходниот месец.”

Член 4

Членот 134 се менува и гласи:

“Правно или физичко лице, кое вади песок, камен и чакал од коритата и бреговите на водотеците, езерата, акумулациите, пороите и другите површински водни тела, и површини кои во катастарот за недвижности се заведени “под води”, плаќаат надоместок во висина од 5,0% од цената на метар кубен изваден песок, камен и чакал.

Пресметувањето на надоместокот за вадење на песок, чакал и камен го врши правното, односно физичкото лице кое врз основа на дозвола вади песок, чакал и камен, го прикажува одвоено во фактурата при пуштањето во слободно правниот промет, а е должно да го уплати најдоцна до 5 во месецот за претходниот месец.

Цената на метар кубен песок, чакал и камен, за правните лица кои извадениот материјал не го пуштаат во слободно правниот промет, односно го користат во натамошниот процес на производството ја утврдува Фондот за водите, според цените на пазарот на тој вид стоки.”

Член 5

По членот 134 се додаваат три нови члена 134-а, 134-б и 134-в, кои гласат:

“Член 134-а

Надоместок за користење на вода, не се плаќа во случаите кога водата се користи за:

- прочистување и вештачко полнење на подземните води и

- заштита на природата и пределот.

Надоместок за вадење на песок, камен и чакал, не се плаќа ако песокот, каменот и чакалот се употребуваат за изградба и одржување на заштитни водостопански објекти и објекти од областа на одбраната.

Член 134-б

Наплатата на пристигнатите неплатени износи на надоместоците од правните и физичките лица, заедно со каматите кои им припаѓаат, ја врши банката кај која обврзникот врши платен промет.

Наплатата се врши со пренос на средствата од сметката на обврзникот на соодветна уплатна сметка, врз основа на извршно решение на директорот на Фондот за водите. Извршното решение се спроведува со извршен налог на банката за пренос на средствата од сметката на обврзникот.

Во поглед на наплатата на пристигнатите неплатени износи на надоместоците се применуваат одредбите на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

Член 134-в

Фондот за водите има право да врши увид и контрола во евиденцијата за пресметување, наплатување и уплатување на надоместоците од членовите 132, 133 и 134 на овој закон.

Ако при вршењето на увидот и контролата се утврди дека надоместоците не се правилно пресметани, наплатени и уплатени или воопшто не се пресметани, ќе поднесе барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за поведување на прекршочна постапка."

Член 6

Во членот 166 став 1 по точката 25 се додава нова точка 26, која гласи:

"26) не го пресметува, наплатува и уплатува надоместокот за водите, надоместокот за заштита на водите од загадување и надоместокот за вадење песок, чакал и камен (член 132 алинеи 6, 7, 8, 9, 10 и 11, членови 133 и 134)."

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

"За прекршокот од ставот 1 точка 26 на овој член, покрај паричната казна, може да се изрече и мерка безбедност забрана на вршење на дејност."

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR UJËRAT

Neni 1

Në Ligjin për ujërat ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 4/98, 19/2000 dhe 42/2005), në nenin 132 paragrafi 1 alineja 7, ndryshon si vijon:

"- personat juridikë ose fizikë që e shfrytëzojnë ujin nga sistemi i furnizimit me ujë (publik ose personal), përveç prodhuesve të energjisë elektrike, për çdo metër kub ujë të përdorur ose të shfrytëzuar paguajnë nga 2,0%, të çmimit të përcaktuar të ujit nga dhënësi i shërbimit për furnizim me ujë. Përllogaritjen e kompensimit, për shfrytëzuesit e sistemit publik të furnizimit me ujë, e kryen personi juridik që ekonomizon me sistemin e furnizimit me ujë, e arkëton gjatë arkëtimit të çmimit të shërbimit të kryer për furnizim me ujë, e paraqet në mënyrë të ndarë në llogarinë për shërbimin e kryer, ndërsa obligohet që ta paguajë më së voni deri më datën 20 të muajit rrjedhës për muajin paraprak në llogarinë përkatëse të pagesës. Përllogaritjen për shfrytëzuesit nga sistemi personal i furnizimit me ujë, e kryen personi juridik ose fizik (shfrytëzuesi) i cili obligohet që ta paguajë kompensimin në llogarinë përkatëse të pagesave, më së voni deri më datën 5 të muajit rrjedhës për muajin paraprak;".

Pas alinesë 7 shtohen pesë aline të reja, si vijon:

"- personat fizikë ose juridikë që e shfrytëzojnë ujin nga sistemi publik ose personal i furnizimit me ujë për qëllime komerciale (prodhimin e birrës, lëngjeve, paketimit të ujit e ngjashëm), paguajnë nga 0,5% nga çmimi shitës i prodhimit. Përllogaritjen e kryen personi juridik ose fizik që e shfrytëzon ujin për qëllime komerciale, gjatë lëshimit të prodhimit në qarkullimin e lirë juridik, e paraqet në mënyrë të ndarë në faturë, ndërsa obligohet që ta paguajë në llogarinë përkatëse të pagesave, më së voni deri më datën 5 të muajit rrjedhës për muajin paraprak;

- amvisëritë, për çdo metër kub ujë të përdorur nga sistemi publik për furnizimin me ujë, paguajnë nga 2,0% të çmimit të përcaktuar të ujit nga dhënësi i shërbimit për furnizimin me ujë. Përllogaritjen e kryen personi juridik që ekonomizon me sistemin e furnizimit me ujë, e arkëton gjatë arkëtimit të çmimit të shërbimit të kryer për furnizim me ujë, e paraqet në mënyrë të ndarë në llogarinë për shërbimin e kryer, ndërsa e paguan në llogarinë përkatëse të pagesave më së voni deri më datën 20 të muajit rrjedhës për muajin paraprak;

- personat juridikë ose fizikë që e shfrytëzojnë ujin nga sistemi publik ose personal i furnizimit me ujë të ujërave gjeotermike, për energji ngrohjeje, paguajnë nga 2,0% të çmimit të përcaktuar të ujit për një metër kub ujë të shfrytëzuar. Përllogaritjen e kryen bartësi i lejes për shfrytëzimin e ujit gjeotermike, i cili obligohet që ta paguajë kompensimin në llogarinë përkatëse të pagesave, më së voni deri më datën 20 të muajit rrjedhës për muajin paraprak;

- personat juridikë e fizikë, posedues të baseneve për peshq, paguajnë kompensim për shfrytëzimin e ujit, në lartësi prej 3,0% për kilogram nga çmimi shitës i peshkut. Kompensimin e përllogarit personi juridik ose fizik, posedues i basenit për peshq, e paraqet në mënyrë të ndarë në faturë ose llogarinë për shitjen e peshkut, gjatë lëshimit në qarkullimin e lirë juridik, ndërsa obligohet që ta paguajë në llogarinë përkatëse të pagesave, më së voni deri më datën 5 të muajit rrjedhës për muajin paraprak; dhe

- personat fizikë e juridikë që merren me larjen dhe separimin e rërës, gurit, zhavorrit e tjerë, paguajnë kompensim për ujin e përdorur ose të shfrytëzuar nga 2,0% të çmimit për një metër kub rërë, gurë ose zhavorr të separuar. Kompensimin e përllogarit personi juridik ose fizik që e lan dhe separon rërën, gurin dhe zhavorrin, e paraqet në mënyrë të ndarë në faturë ose llogari, gjatë lëshimit në qarkullimin e lirë juridik, ndërsa obligohet që ta paguajë në llogarinë përkatëse të pagesave, më së voni deri më datën 5 të muajit rrjedhës për muajin paraprak."

Alinetë 8, 9 dhe 10 nga neni 132 fshihen.

Neni 2

Neni 133 ndryshon si vijon:

"Personi fizik ose juridik, i cili lëshon ujëra të zeza të papastruara ose ujëra me cilësi ndryshuese dhe materie e substanca hedhurinash në recipientët, ndërsa nuk ka pajisje për pastrim, paguan kompensim në lartësi prej 1,0% nga çmimi i përcaktuar i shërbimit nga dhënësi i shërbimit për grumbullimin dhe trajtimin e ujërave të zeza.

Kompensimin e përllogarit dhe e arkëton personi juridik dhe fizik që ekonomizon me sistemin për përcjellje dhe trajtim të ujërave të zeza, gjatë arkëtimit të çmimit për shërbimin e kryer, në bazë të sasisë së ujit që është lëshuar në sistem, e tregon në mënyrë të veçantë në faturë ose në llogari, ndërsa është i detyruar ta arkëtojë në llogari përkatëse arkëtimi më së voni deri më datën 20 të muajit për muajin e kaluar."

Neni 3

Pas nenit 133 shtohet nen i ri 133-a, si vijon:

"Neni 133-a

Personat juridikë dhe fizikë, të cilët merren me eksploatimin e lëndëve të para materiale jometale që eksploatohen në sipërfaqe, paguajnë kompensim për mbrojtjen e ujërave nga ndotja e ujërave nëntokësore dhe prishjen e regjimit të ujërave, në lartësi prej 1% nga çmimi i një metër kub lëndë të parë të eksploatuar mineral.

Kompensimin e përllogarit personi juridik ose fizik që eksploaton lëndë të parë materiale jometale, e tregon në mënyrë të veçantë në faturë ose në llogari gjatë lëshimit në qarkullimin të lirë juridik, ndërsa është i detyruar ta arkëtojë në llogari përkatëse arkëtuese, më së voni deri më datën 5 të muajit për muajin e kaluar".

Neni 4

Neni 134 ndryshon si vijon:

"Personi juridik ose fizik, i cili eksploaton rërë, gurë dhe zhavorr nga shtrati dhe nga brigjet e rrjedhave të ujit, liqeneve, ujëmbledhësit, përrenjve dhe nga trupat tjerë të ujërave sipërfaqësorë, dhe sipërfaqet që në kadastër për patundshmëritë janë evidentuar "me ujëra", paguajnë kompensim në lartësi prej 5,0% nga çmimi i një metër kub rërë dhe zhavorr të eksploatuar.

Përllogaritjen e kompensimit për nxjerrjen e rërës, zhavorrit dhe të gurit e bën personi juridik, respektivisht ai fizik, i cili në bazë të lejes nxjerr rërë, zhavorr dhe gurë, e tregon në mënyrë të veçantë në faturë gjatë lëshimit në qarkullimin e lirë juridik, ndërsa është i detyruar ta arkëtojë më së voni deri më datën 5 të muajit për muajin e kaluar.

Çmimi për metër kub rërë, zhavorr dhe gurë për personat juridik, të cilët materialin e nxjerrë nuk e lëshojnë në qarkullimin e lirë juridik, respektivisht e shfrytëzojnë në procesin e mëtejmë për prodhim, e përcakton Fondi për ujërat, sipas çmimeve të tregut të atij lloji të mallit".

Neni 5

Pas nenit 134 shtohen tre nene të reja 134-a, 134-b dhe 134-v, si vijojnë:

"Neni 134-a

Kompensim për shfrytëzimin e ujit nuk paguhet në rastet kur uji shfrytëzohet për:

- pastrimin dhe mbushjen artificiale të ujit nëntokësor, dhe
- mbrojtjen e natyrës dhe të zonës.

Kompeznsim për nxjerrjen e rërës, gurit dhe zhavorrit nuk paguhet nëse rëra, guri dhe zhavorri përdoren për ndërtimin dhe mirëmbajtjen e objekteve mbrojtëse të ekonomisë së ujërave dhe objekteve nga sfera e mbrojtjes.

Neni 134-b

Arkëtimin e shumave të arritura të papaguara të kompensimeve nga personat fizikë dhe juridikë, së bashku me kamatat të cilat u takojnë, e kryen banka te e cila obliguesi kryen qarkullimin e pagesave.

Arkëtimi kryhet me bartjen e mjeteve nga llogaria e obliguesit të llogarisë së pagesave përkatëse, në bazë të vendimit përmbarues të drejtorit të Fondit për ujëra. Vendimi përmbarues zbatohet me urdhëresë përmbaruese të bankës për bartjen e mjeteve nga llogaria e obliguesit.

Lidhur me arkëtimin e shumave të arritura të papaguara të kompensimeve, zbatohen dispozitat e Ligjit për përcaktimin dhe arkëtimin e hyrjeve publike.

Neni 134-v

Fondi për ujërat ka të drejtë të bëjë shikim dhe kontroll në evidencën për llogaritjen, arkëtimin dhe pagimin e kompensimeve nga nenet 132, 133 dhe 134 të këtij ligji.

Nëse gjatë bërjes së shikimit dhe kontrollit konstatohet se kompensimet nuk janë llogaritur, paguar dhe arkëtuar mirë, ose aspak nuk janë llogaritur, do t'i paraqesë kërkesë Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave për ngritjen e procedurës për kundërvajtje."

Neni 6

Në nenin 166 paragrafi 1 pas pikës 25 shtohet pikë e re 26, si vijon:

"26) nuk e llogarit, arkëton dhe paguan kompensimin për ujërat, kompensimin për mbrojtjen e ujërave nga ndotja dhe kompensimin për nxjerrjen e rërës, zhavorrit dhe gurit (neni 132 alinetë 6, 7, 8, 9, 10 dhe 11, nenet 133 dhe 134)."

Pas paragrafit 3, shtohet paragrafi i ri 4, si vijon:

"Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 pika 26 i këtij neni, përveç dënimit me para, mund të kumtohet dhe masa e sigurisë ndalim i kryerjes së veprimtarisë."

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**535.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 април 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД - ПРИЛЕП**

1. Од функцијата судија на Основниот суд - Прилеп, се разрешува Вера Андреевска, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1515/1
5 април 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р

---

**536.**

Врз основа на членовите 42 и 43 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), а во врска со Одлуката за определување на бројот на судиите во основните судови ("Службен весник на Република Македонија" број 6/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 5 април 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ВЕЛЕС**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на

- еден судија на Основниот суд - Велес.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над пет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весниците "Нова Македонија", "Утрински весник" и "Македонија денес".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1516/1
5 април 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р

---

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**537.**

Врз основа на член 52 став 1, став 2 алинеја 2, 3, 6 и став 4 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Недвижната ствар, простор лоциран во КО Битола, евидентирана во Поседовен лист бр. 14276, истиот издаден од Државниот завод за геодетски работи – Одделение за премер и катастар – Битола, бр. 1225/512 од 14.02.2006 година, со адреса на ул. „Маршал Тито" бб, со вкупна површина од 20.355 $м^2$ и тоа 1.050 $м^2$ под објект и 19.305 $м^2$ двор, сопственост на Република Македонија, на која пра-

во на користење има Националната установа Центар за култура – Битола, се дава во закуп, со услов за намена за користење за научни, културни и образовни проекти од интерес на Република Македонија.

Недвижната ствар, просторот на Клуб – кафеаната во состав на објектот на Националната установа Центар за култура – Битола, лоцирана на ул. „Ленинова“, евидентирана во Поседовен лист бр. 12620, истиот издаден од Државниот завод за геодетски работи – Одделение за премер и катастар – Битола, бр. 1225/6084 од 12.12.2005 година, со вкупна површина од 6.315 м$^2$, делот од 986 м$^2$ се дава во закуп, со услов за намена за користење за научни, културни и образовни проекти од интерес на Република Македонија.

Член 2

Недвижните ствари од членот 1 на оваа одлука се даваат во закуп со непосредна спогодба на Друштвото за спорт и рекреација С.Р.С. ДОО Скопје, со услов за намена за користење за научни, културни и образовни потреби и за изведување на научни, културни и образовни проекти од интерес на Република Македонија.

Висината на закупнината, за објектите, се определува во месечен износ од 167.70 денари за 1 м$^2$.

Рокот на закупот е 30 години од денот на влегувањето во сила на Одлуката.

Член 3

Друштвото за спорт и рекреација С.Р.С. ДОО Скопје се обврзува од Центарот за култура – Битола да преземе 15 (петнаесет) работници, вработени на неопределено време, без распишување на јавен оглас, од денот на склучувањето на Договорот за закуп.

Член 4

Склучувањето на договорот за закуп на недвижните ствари од членот 1 на оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Министерството за култура и Друштвото за спорт и рекреација С.Р.С. ДОО Скопје во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1431/1
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**538.**

Врз основа на член 2 став 3 и член 18 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (“Службен весник на СРМ“ бр. 36/90) и (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/2005 и 84/2005) и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ КОИ ГИ ИМЕНУВА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 71/2005, 2/2006 и 8/2006), во член 1 од Одлуката, во табелата по последната алинеја се додава нова алинеја, која гласи:

“национален координатор за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО - 2,5.“

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 16 март 2006 година.

3. Оваа одлука ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-139/2
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**539.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002 и 40/2003) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Скопје, заклучно со 2 февруари 2006 година, поради законски престанок на јавното претпријатие се разрешуваат:
- Катица Димовска - Галевска,
- Михајло Крстевски,
- Добривој Николовски,
- Вукоја Јанчевски,
- Никола Бошку,
- Бранко Кировски,
- Никола Гаџовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-463/6
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**540.**

Врз основа на член 30 од Законот за научно-истражувачката дејност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/96 и 29/2002) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА - СКОПЈЕ**

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - Скопје бр. 02-400/1 од 10 март 2006 година, со која за директор на Институтот е избран д-р Михаил Гаревски, редовен професор во Институтот и досегашен директор на Институтот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-1261/4
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**541.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 45/93, 55/95, 10/2004, 84/2005 и 111/2005) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА "КОЗЛЕ" - СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на ЈЗУ - Институт за белодробни заболувања кај децата "Козле" - Скопје се именуваат:
- Катерина Ставревска, политиколог,
- Цена Цветановска, дипл. биотехничар,
- Даниела Белимова, правник,
- Лилјана Алексова, правник.

2. Со именувањето на новите членови на Управниот одбор на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата "Козле" - Скопје на досегашните членови им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-1544/1
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**542.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 45/93, 55/95, 10/2004 и 84/2005) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - ВЕЛЕС**

1. Максим Гонев се разрешува од должноста член на Управниот одбор на ЈЗУ Завод за здравствена заштита - Велес.

2. За член на Управниот одбор на ЈЗУ Завод за здравствена заштита - Велес се именува Миланчо Арсовски, електро техничар.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-1545/1
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**543.**

Врз основа на член 23 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/2002 и 40/2003) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈП ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

1. Братислав Митиќ се разрешува од должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Скопје, заклучно со 2 февруари 2006 година, поради законски престанок на јавното претпријатие.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-1546/1
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**544.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/2002 и 40/2003) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005 и 37/2006), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

1. Од должноста членови на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Скопје, заклучно со 2 февруари 2006 година, поради законски престанок на јавното претпријатие во кое ја вршеа должноста се разрешуваат:
- Весна Трифуноска,
- Милева Младеновска,
- Марија Пујаз,
- Вијолета Спасовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 33-1547/1
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**545.**

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за даночна постапка ("Службен весник на Република Македонија" број 13/06), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОСТАПКАТА, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ДАНОЧЕН БРОЈ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТАР НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ, СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ПРИЈАВАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА, КАКО И ПОСТАПКАТА ЗА БРИШЕЊЕ ОД РЕГИСТРАЦИЈАТА**

Член 1

Со овој правилник се уредува постапката, начинот и роковите за доделување на единствен даночен број (ЕДБ), содржината и начинот на водење на единствениот регистар на даночни обврзници, содржината и формата на пријавата за регистрација, како и постапката за бришење од регистрацијата.

**Постапка, начин и рокови за доделување на ЕДБ**

Член 2

(1) За секој даночен обврзник се доделува Единствен даночен број (ЕДБ) заради негова идентификација во даночна постапка и тој претставува единствен идентификатор на податоците за даночниот обврзник.

(2) ЕДБ се користи во целата даночна постапка и задолжително се внесува во сите писмени дописи, обрасци за плаќање на јавни давачки и документи на даночниот обврзник-правно лице, физичко лице кое врши регистрирана дејност,друго лице без правен субјективитет (проект), странско лице-кое по својот статус е даночен обврзник во Република Македонија (дипломатско-конзуларно претставништво, странско правно лице) и домашно и странско физичко лице, кое има обврски или побарува по основ на даноци, такси и други јавни давачки утврдени со закон.

(3) Од евиденциски причини, може да се додели посебен ЕДБ за одредени состојби или групирања на даночни обврзници со кој не се означува посебен правен статус туку форма на дејствување за даночни цели.

(4) Единствениот матичен број на граѓанин (ЕМБГ) -државјанин на Република Македонија претставува и негов даночен број. Регистрирањето на даночниот обврзник-граѓанин се врши со преземање на идентификационите податоци определени со неговиот единствен матичен број на граѓанин.

Член 3

Единствениот даночен број се определува преку системот за автоматска обработка на податоци, а врз основа на податоците од поднесената пријава за регистрација за типот на даночниот обврзник, седиштето односно живеалиштето на даночниот обврзник и датумот на уписот во Трговскиот регистар и на регистарот на други правни лица од страна на Централниот регистар на Република Македонија или други регистри кои се водат во Република Македонија.

Член 4

(1) На сите субјекти на кои им се доделува Единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) внесувањето на ЕДБ определен од Управата за јавни приходи се врши согласно Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица.

(2) Централниот регистар на Република Македонија по електронски пат ги доставува до Управата за јавни приходи обработените податоци од Обрасците за пријави за упис на основање на субјект на упис во Трговскиот регистер и од Обрасците за пријави за обезбедување на податоци преку едношалтерски систем и поднесените прилози кон нив за секое правно лице, по кои Управата за јавни приходи доделува Едиствен даночен број (ЕДБ).

(3) Доделениот ЕДБ на субјектот од страна на Управата за јавни приходи преку електронска размена на податоци се доставува до Централниот регистар на Република Македонија за внесување во решението за упис во текот на истиот ден кога се добиени податоците, а најдоцна наредниот работен ден.

(4) По доделување на Решението за регистрација на субјект Централниот регистар на Република Македонија ги доставува до Управата за јавни приходи конечните податоци за регистрацијата, односно ја известува Управата за јавни приходи за извршеното запишување на доделениот ЕДБ и за сите податоци на регистрацијата кои му припаѓаат на носителот.

(5) Централниот регистар на Република Македонија до Управата за јавни приходи по електронски пат тековно ги доставува и податоците од Обрасците за пријави за упис на промени кај субјекти во трговскиот регистер, на статусни промении и на бришење на субјектите, како и промените и бришењето кај субјектите од другите регистри за кои се обезбедуваат податоци преку едношалтерскиот систем.

Член 5

(1) Лицата на кои не им се доделува ЕМБС се регистрираат во Регистарот на даночни обврзници од денот на започнување на дејноста.

(2) Лицата од ставот 1 на овој член поднесуваат Пријава за регистрација на даночен обврзник до Управата за јавни приходи која што е надлежна според местото на седиштето на нивната дејност, или доколку тоа не постои, според местото на живеење.

(3) По извршениот упис во Регистарот на даночните обврзници, Управата за јавни приходи на даночниот обврзник од став 1 на овој член му издава доказ за доделениот ЕДБ.

(4) Лицата од ставот 1 на овој член секоја промена на податоците искажани во предходната пријава за регистрација, како и престанокот на работењето, ги пријавуваат во рок од осум дена од денот на настанување на промената.

(5) Банките регистрирани за извршување на платен промет можат да отворат сметка на даночен обврзник од ставот 1 на овој член само доколку тој приложи доказ за извршен упис како даночен обврзник кај Управата за јавни приходи.

(6) Доколку во даночна постапка се утврди дека лице непријавено кај соодветен орган и нерегистрирано во соодветен регистар врши дејност, или не е запишано во Регистарот на даночни обврзници и не му е доделен ЕДБ, Управата за јавни приходи му доделува ЕДБ и по службена должност го воведува во Регистарот на даночни обврзници.

Член 6

(1) По поднесена пријава за регистрација од страна на лице од член 5 став 1 на овој правилник, надлежната Управа за јавни приходи ЕДБ го издава истиот или најкасно наредниот работен ден.

(2) За доделениот ЕДБ и извршеното регистрирање на даночниот обврзник му се издава привремена потврда за докажување на статусот пред банката во која ја отвара својата прва сметка.

(3) После доделената сметка во банка и нејзиното пријавување во надлежната Управа за јавни приходи, на даночниот обврзник му се издава Решение за регистрација на даночен обврзник.

(4) На даночните обврзници на кои согласно закон даночните обврски им се пресметуваат во паушален износ и кои не се обврзани да отворат сметка во банка за своето работење, решението од став 3 на овој член им се издава веднаш после извршената регистрација и доделувањето на ЕДБ.

**Содржина и начин на водење на единствениот регистар на даночни обврзници**

Член 7

Во Регистарот на даночните обврзници се евидентираат податоците за регистрирање, промени и бришење и други податоци добиени од Централниот регистар на Република Македонија, од даночните обврзници, од други основни регистри и од посебни регистари кои располагаат со податоци за остварување на право или од други органи.

Член 8

(1) Во Управата за јавни приходи се води евиденција за примените пријави по електронски пат или во хартиена форма.

(2) За секоја примена пријава или друг прилог соодветно се означува начинот на приемот: електронски или во хартиена форма.

(3) Електронскиот поднесок од Централниот регистар на Република Македонија согласно Правилникот за формата и содржината на обрасците за упис во трговскиот регистар и регистар на други правни лица е еднаков на поднесена пријава со пропишани прилози согласно овој правилник.

(4) Деловодник на примените пријави содржи податоци за: редниот број под кој пријавата е примена, датумот кога е примена,целта на поднесување (прва регистрација, промена на податоци или бришење на даночен обврзник), Единствен даночен број на даночниот обврзник-ЕДБ, Единствен матичен број на субјектот-ЕМБС, назив на даночниот обврзник и бројот на примените прилози кон пријавата. За електронските поднесоци се води електронски деловодник.

Член 9

(1) Податоците за регистрација за секој даночен обврзник во електронска или хартиена форма го сочинуваат регистарското досие на даночниот обврзник.

(2) Податоците добиени по електронски пат од Централниот регистар на Република Македонија или запишани во Централниот регистар на Република Македонија од други регистри, се примаат и се чуваат во досие во електронска форма.

(3) Податоците добиени во хартиена форма за даночните обврзници кои се регистрираат или се запишуваат во регистри кои не се обврзани да ги доставуваат податоците до Централниот регистар на Република Македонија, се внесуваат и се чуваат во досие во електронска и во хартиена форма.

(4) Податоците од ставот 2 на овој член можат да се отпечатат и да се чуваат во досието во хартиена форма.

Член 10

(1) Во регистарот на даночни обврзници се евидентираат сите податоци од пријавите, или податоците добиени од други основни и посебни регистри кои располагаат со податоци за остварување на право или од други органи.

(2) Сите податоци во регистерот се евидентираат и нумерираат редоследно со што се обезбедува историјат на сите настанати промени.

Член 11

Секој прием на податоци од пријави се класифицира како: регистрација, промена или бришење.

**Содржина и форма на пријавата за регистрација**

Член 12

(1) Пријавата за регистрација на даночните обврзници од член 5 став 1 на овој правилник се печати на Образец УЈП-РДО кој ги содржи следните податоци:

1. Ознака за класификација на пријавата:

- поднесена од даночен обврзник како: прва регистрација, промена на податоци, бришење;

- службена регистрација на даночен обврзник како: прва регистрација, промена на податоци, бришење;

2. Податоци за даночниот обврзник;

- Единствен даночен број на даночиот обврзник (ЕДБ)/Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ);

- полн назив/име и презиме;

- скратен назив на фирмата под која се врши дејноста;

- државјанство;

- број на пасош;

- број на дипломатска карта;

- адреса на седиште (од решението за регистрација)

- адреса на вистинско седиште за контакт (доколку се разликува од адресата од решението за регистрација);

- адреса на книговодство(доколку се разликува од адресата од решението за регистрација);

3. Општи податоци;

- број на уписот во соодветниот регистар;

- датум на уписот на основањето во соодветниот регистар;

- регистерски орган на уписот;

- претежна дејност(опис на предметот на работење);

- правна форма;

4. Податоци за банковата сметка:

- број на сметка и

- носител на платен промет кај кого сметката е отворена;

5. Податоци за овластените лица:

- Единствен матичен број на граѓанинот / име и презиме на одговорното лице-директор, сопственик;

- Единствен матичен број на граѓанинот и име и презиме на полномошникот;

- Единствен матичен број на граѓанинот и име и презиме на книговодителот, односно Единствен даночен број и назив на седиште на книговодствената фирма;

(2) Образецот УЈП-РДО има 2 страници.

Член 13

(1) Пријавата за регистрација на даночен обвзник се употребува за упис на регистрација, за упис на промена на податоци и за упис на бришење при што се приложува решението од соодветниот регистар за: регистрација, промена на податоците на упис и бришење.

(2) Кога Пријавата за регистрација на даночен обвзник се поднесува за упис на промени или бришење, даночниот обврзник во надлежната Управа за јавни приходи го враќа предходно добиеното решение.

(3) За извршен упис на промена на податоци или за извршен упис на бришење, Управата за јавни приходи издава решение.

Член 16

Со денот на примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на пополнување на пријавата за регистрација на даночните обврзници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 103/01).

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 април 2006 година.

Бр. 10-11445/1
3 април 2006 година
Скопје

Министер,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

**УЈП-РДО**

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за јавни приходи

Датум и број на прием - *пополнува УЈП*

# Пријава за регистрација на даночен обврзник

## КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПРИЈАВАТА

Цел на поднесување на Пријавата 1.1
прва регистрација | промена на податоци | бришење
службена регистрација | службена промена | службено бришење

## ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

ЕДБ / ЕМБГ 2.1
Полн назив / Име и презиме 2.2
Скратен назив - фирма 2.3
Државјанство 2.4
Број на пасош 2.5
Број на дипломатска карта 2.6
Адреса на седиште (*од решението за регистрација*) 2.7
улица | број
поштенски број | населено место | општина
држава | телефон | телефакс
Адреса на вистинско седиште за контакт (*ако се разликува од адресата на седиштето од решението за регистрација*) 2.8
улица | број
поштенски број | населено место | општина
држава | телефон | телефакс
e-mail адреса
Адреса на книговодство 2.9
улица | број
поштенски број | населено место | општина
телефон | телефакс

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Основање - број на упис 3.1
- датум на упис 3.2 д д м м г г г г
- регистарски орган 3.3
Претежна дејност 3.4
Правна форма 3.5
мал трговец | дипломатско-конзуларно претставништво
свештено лице | дипломат/конзуларен претставник
странско правно лице | донаторски проект
странско физичко лице | давател и имплементатор на донација
друго

## БАНКОВА СМЕТКА

Број на сметката 4.1
Назив и седиште на банката 4.2

# УЈП-РДО

## ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Директор/сопственик | - ЕМБГ | 5.1 | |
| | - име и презиме | | |
| Полномошник | - ЕМБГ | 5.2 | |
| | - име и презиме | | |
| Книговодител | - ЕМБГ/ЕДБ | 5.3 | |
| | - име и презиме/ назив | | |

## ПРИЛОЗИ

Извод од регистрацијата при надлежниот регистарски орган (задолжително при: прва регистрација; промена на назив, седиште, правна форма, сопственици; регистрација за акцизи; одјава)

**Потврдувам дека податоците наведени во оваа Пријава се точни и целосни.**

| | |
|---|---|
| Датум на поднесување | д д м м г г г г |
| Потпис на полномошникот | |

*Пополнува УЈП*

| | |
|---|---|
| Датум на обработка | д д м м г г г г |
| Потпис на обработувачот | |
| Забелешка | |

# УЈП-РДО/УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

1.1 Означете го соодветното поле со "X". Во полињата предвидени за службени уписи пополнува УЈП.

2.1 Впишете го Вашиот Единствен даночен број добиен од Управата за јавни приходи. Ако се регистрирате за прв пат, не впишувајте ништо. Ако сте физичко лице кое не врши регистрирана дејност, впишете го Вашиот ЕМБГ.

2.2 Наведете го полниот назив според регистрацијата во регистарот. Ако сте физичко лице кое не врши регистрирана дејност, впишете го Вашето име и презиме.

2.3 Наведете го називот (фирмата) што вообичаено ја користите во секојдневното работење.

2.4, 2.5 и 2.6 Странски физички лица ги пополнуваат податоците за државјанство со број на пасош издаден од земјата резидент и број на дипломатска карта доколку имаат дипломатски статус.

2.7, 2.8 и 2.9 Наведете ги адресите на седиштето според решението за регистрација, на вистинското седиште за контакт и на книговодството, а ако сте физичко лице, адресата на живеалиштето. Вистинско седиште за контакт е локацијата на која претежно ја вршите дејноста и не мора да е иста со адресата на седиштето од решението на регистрација. На оваа адреса УЈП ќе Ви доставува пријави, решенија, известувања и др. ***НАПОМЕНА: Неточноста на овој податок може да предизвика Ваше ненавремено информирање и други последици по Вашето работење.***

3.1 и 3.2 Наведете ги бројот и датумот на уписот на основањето во соодветниот регистар. При првата регистрација и секогаш кога пријавувате измена на податоците содржани во соодветниот регистар, приложете копија од пријавата/решението за упис/измена или извод од податоците од регистарот.

3.3 Како регистарски орган се запишува органот надлежен за водење на основниот регистар на упис.

3.4 Наведете го описот на претежната дејност што ја вршите според решението за регистрација. При првата регистрација и секогаш кога пријавувате измена на дејност, приложете копија од решението.

3.5 Означете ја формата (проект, дипломатско преставништво и сл.), а доколку нема соодветен опис означете "друго" и наведете ја формата.

4.1 Наведете го бројот на Вашата сметка отворена во деловна банка.

4.2 Ако имате сметка во деловна банка, впишете го називот и седиштето на банката во која таа сметка е отворена,
***НАПОМЕНА: Наведената сметка ќе се смета за сметка од која ќе ги плаќате јавните давачки, односно сметка на која УЈП ќе го враќа повеќе или погрешно платениот данок.***

5.1 Наведете податоци за директорот или друго највисоко овластено лице, односно податоци за сопственикот ако се работи за поединец- вршител на дејност и сл.

5.2 Наведете податоци за лицето овластено за потпишување на даночни пријави, ако тоа е различно од лицето наведено во полето 5.1

5.3 Наведете податоци за лицето, односно фирмата што го води Вашето сметководство.

Наведете го датумот на поднесување и задолжително потпишете ја пријавата во означениот простор.

**Подетални информации во врска со постапката на регистрација и начинот на пополнување на пријавата можете да добиете во регионалните дирекции на УЈП, и на WEB страницата на Управата за јавни приходи www.ujp.gov.mk.**

**546.**

Врз основа на член 53 став 11 од Законот за даночна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ВИДОТ НА ДАНОЧНАТА ПРИЈАВА КОЈА ВО ПОТПОЛНОСТ ИЛИ ДЕЛУМНО МОЖЕ ДА СЕ ПОДНЕСЕ ПО ПАТ НА ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА И ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕНОС

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на даночната пријава која во потполност или делумно може да се поднесе по пат на пренос на податоци во електронска форма како и постапката за пренос.

Член 2

По пат на пренос на податоци во електронска форма даночните обврзници може да поднесат даночни пријави за сите видови даноци и други јавни давачки за кои е обезбеден информационен систем за составување, праќање, примање, чување или друга обработка на електронски податоци, како и прилози за кои е пропишана обврска да се поднесуваат со даночните пријави, барања со соодветни прилизи за издавање на дозволи и одобренија пропишани со даночни закони, барања за доставување на податоци од даночната евиденција и други обрасци пропишани со законски и подзаконски акти.

Член 3

По пат на пренос на податоци во електронска форма до даночните обврзници се доставува известување за извршениот прием на даночните пријави, барање за корекција на искажани грешки во податоците во даночните пријави и други поднесоци и податоци од даночна евиденција во пропишана форма.

Член 4

(1)Постапката на пренос на податоци во електронска форма се однесува на:начинот на доделување, управување и користење на кодот за идентификација, начинот и постапката на електронското работење и употреба на податоците во електронска форма, обезбедување на доверливоста, интегритетот и неотповикливоста на електронската информација и начинот на потпишување и верификување на електронските пораки.

(2)Секое електронско примање и испраќање на податоците од член 2 и 3 на овој правилник се нарекува електронска порака.

Член 5

Даночните обврзници за преносот на податоците во електронска форма склучуваат договор со Управата за јавни приходи.

Член 6

(1) Кодот за идентификација е низа на податоци во електронски облик кои се поврзани со други податоци во електронски облик кои се користат за поединечен авторизиран пристап на даночниот обврзник кон информациониот систем за електронска достава на Управата за јавни приходи.

(2) Кодот за идентификација кој го издава Управата за јавни приходи може да се менува, ажурира и поништува.

(3) Кодот за идентификација може да се менува и поништува по службена должност и по барање на даночен обврзник.

Член 7

Барател на код за идентификација е лице овластено од даночен обврзник кој е во процес на регистрирање да стане имател на код за идентификација, но кому сеуште не му е издаден кодот.

Член 8

(1) Регистрирањето на имател на код за идентификација започнува со пополнување на пропишан образец "Барање за код за идентификација" (БКИ) со кој поединечно се пријавуваат овластените лица за пристап кон системот и овластените и ополномоштените лица за електронско потпишување за даночниот обврзник. Барањето содржи податоци за лицето кое ќе биде имател на код за идентификација, податоци за даночниот обврзник, за видот на документите и пратките за кои се овластува имателот, потпис на одговорно лице и печат на даночниот обврзник.

(2) Образецот "Барање за код за идентификација" (БКИ) се користи и за промена на податоци за имателот на код за идентификација и за поништување на кодот по барање на даночниот обврзник.

(3) Образецот "Барање за код за идентификација" (БКИ) е составен дел на овој правилник.

Член 9

(1) На даночниот обврзник му се доставува "Потврда за доделен код за идентификација" (ПКИ) за секој имател на код. На имателот на кодот за идентификација овластено лице од Управата за јавни приходи лично му го доставува доделениот код за идентификација.

(2) Образецот "Потврда за доделен код за идентификација" (ПКИ) е составен дел на овој правилник.

(3) Имателот на кодот за идентификација го користи кодот при пристап во информациониот систем на Управата за јавни приходи.

Член 10

(1) Имателот на кодот за идентификација ја користи Веб апликацијата на Управата за јавни приходи за електронско пополнување и достава на податоците од член 2 на овој правилник.

(2) Како време на доставување на електронската порака во Управата за јавни приходи се смета времето на електронското потпишување и испраќање.

Член 11

(1) Управата за јавни приходи ги прима сите електронски пораки од имателите на код за идентификација кои се електронски потпишани. По приемот на електронската порака Управата за јавни приходи го известува имателот на кодот за идентификација за приемот на пораката.

(2) Податоците од електронската порака се обработуваат во системот на Управата за јавни приходи по што со електронска порака се известува даночниот обврзник за статусот на податоците.

Член 12

Податоците испратени во електронски облик се употребуваат на идентичен начин како и податоците од ист вид поднесени во Управата за јавни приходи во хартиена форма.

Член 13

Системите и опремата кои ги употребува Управата за јавни приходи треба да обезбедат техничка сигурност која ќе гарантира максимална безбедност и доверливост на податоците.

Член 14

Електронските пратки кои даночниот обврзник ги испратил до Управата за јавни приходи не може да се повлечат. Податоците од електронските пратки може да се променат на начин определен во Законот за даночна постапка применлив за податоците доставени во хартиена форма.

Член 15

(1) Електронската порака се верификува со електронски потпис што претставува кодот за идентификација и привремена лозинка од променлив низ на букви и броеви кои Управата за јавни приходи му ги доставува на имателот на кодот за идентификација овластен или ополномоштен за потпишување на електронската порака во моментот на потпишувањето. Со внесот на електронскиот потпис се идентификува имателот на кодот за идентификација и се потврдува автентичноста на потписникот.

(2) Сигурноста на електронското потпишување на електронската порака се обезбедува од Управата за јавни приходи.

Член 16

Информациониот систем на Управата за јавни приходи за пренос на податоци на електронски пораки врши верификација на имателот на кодот за идентификација при најава на системот и при електронското потпишување на електронските пораки.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1 април 2006 година.

Бр. 10-10766/2
3 април 2006 година
Скопје

Министер,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

ПКИ

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**
**ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА**
**Бр.** ______________
**СКОПЈЕ**

**ЕДБ:** (едб на даночниот обврзник)

(скратен назив на даночниот обврзник)
адреса на даночниот обврзник

**П О Т В Р Д А**

за доделен код за идентификација

Управата за јавни приходи го потврдува доделувањето на код за идентификација на лицето _________________________ со ЕМБГ _____________ .

Во Регистарот на иматели на код за идентификација што се води во Управата за јавни приходи, се запишува:

- Име и презиме ____________________
- ЕМБГ ____________________
- E-mail адреса ____________________
- Контакт телефон ____________________
- Овластувања за користење на е-даночни сервиси:
  - Акциза ____________________________________
  - Данок на додадена вредност ____________________________________
  - Персонален данок на доход ____________________________________
  - Данок на добивка ____________________________________
- Својство на потписникот ____________________________________
- Датум на активирање на кодот ____________________________________

Кодот за идентификација се доставува до имателот на кодот со лична достава.

Директор,

Петра Митева

**БКИ**

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за јавни приходи

**Датум и број на прием - *пополнува УЈП***

# Барање за одобрување на код за идентификација

## ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

| | | |
|---|---|---|
| ЕДБ | 1.1 | |
| Полн назив | 1.2 | |
| Скратен назив - фирма | 1.3 | |
| Адреса на седиште | 1.4 | улица  број |
| | | поштенски број  населено место  општина |
| | | телефон  телефакс |

## КЛАСИФИКАЦИЈА НА БАРАЊЕТО

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Цел на поднесување на Барањето | 2.1 | барање на нов код | промена на код | поништување на код |

## ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ НА КОД ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| ЕМБГ | 3.1 | |
| Име и презиме | 3.2 | |
| e- mail адреса | 3.3 | |
| Контакт телефон | 3.4 | |
| Датум на активирање / промена / поништување на код | 3.5 | д д м м г г г г |

## ОВЛАСТУВАЊА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Акциза | 4.1 | Пополнување на обрасци | Електронски потпис |
| Данок на додадена вредност | 4.2 | Пополнување на обрасци | Електронски потпис |
| Персонален данок на доход | 4.3 | Пополнување на обрасци | Електронски потпис |
| Данок на добивка | 4.4 | Пополнување на обрасци | Електронски потпис |
| Својство на потписникот | 4.5 | | |

*Директор/сопственик/партнер/овластено лице/ополномоштено лице*

## ПОДНЕСЕНО

| | |
|---|---|
| Датум на поднесување | д д м м г г г г |
| Потпис и печат | |

*Пополнува УЈП*

| | |
|---|---|
| Контролирал и одобрил | |
| Потпис | |
| Датум на одобрен почеток на важење на кодот | д д м м г г г г |
| Датум на обработка | д д м м г г г г |
| Потпис на обработувачот | |
| Забелешка | |

# Упатство за пополнување на Образецот "Барање за одобрување на код за идентификација"

## 1. ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

**1.1.ЕДБ на обврзникот**

Обврзниците кои вршат регистрирана дејност го впишуваат Единствениот даночен број добиен од Управата за јавни приходи при регистрација на даночните обврзници.

**1.2.Полн назив**

Се наведува полниот назив на даночниот обврзник со сите представки и наставки, онака како што стои во документот за регистрација.

**1.3.Скратен назив - фирма**

Се наведува скратениот назив на даночниот обврзник што вообичаено се употребува во секојдневното работење.

**1.4.Адреса на седиште**

Се наведува полната адреса (улица, број, поштенски број, населено место и општина) на вистинското седиште (локацијата на која претежно се врши дејноста и која не мора да е иста со адресата на седиштето од судската регистрација).

Броевите на телефонот / телефаксот се впишуваат заедно со карактеристичниот број на градот.

## 2. КЛАСИФИКАЦИЈА НА БАРАЊЕТО

**2.1. Цел на поднесување на барањето**

Во полето "барање на нов код" се внесува знакот "x" во случаите кога барателот поднесува барање на нов код.

Во полето "промена на код" се внесува знакот "x" во случаите кога барателот поднесува барање за промена на код.

Во полето "поништување на код" се внесува знакот "x" во случаите кога барателот поднесува барање за поништување на код.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ НА КОД ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

**3.1.ЕМБГ на лицето за кое се бара нов/промена /бришење на код**

Се наведува Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)

**3.2.Име и презиме**

Се наведува името и презимето на барателот/имателот на кодот за идентификација.

**3.3.e-mail адреса**

Се наведува е-маил адресата на која Управата за јавни приходи ќе ги доставува пораките до имателот на кодот за идентификација.

**3.4.Контакт телефон**

Се наведува контакт телефон на барателот/имателот

**3.5.Датум на активирање/промена/поништување на код**

Се наведува датумот на активирање, промена или поништување на кодот за идентификација

## 4. ОВЛАСТУВАЊА

Во полињата за овластувања **(4.1. - 4.4.)** по одделните видови даноци се внесува "x" за видовите на даноци за кои лицето од барањето е овластено да ги пополнува обрасците односно да ги потпишува пратките.

**4.5.Својство на потписник**- Се наведува во кое својство лицето ќе го користи електронскиот потпис (како на пример директор, сопственик, овластено лице, партнер, ополномоштено лице)

**547.**

Врз основа на член 113 став 7 од Законот за даночна постапка ("Службен весник на РМ" број 13/06), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ОДЛАГАЊЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОЧЕН ДОЛГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на одлагање за плаќање на даночен долг.

Член 2

(1) Одлагање на плаќањето на даночен долг се врши врз основа на поднесено барање.

(2) Барање за одлагање на плаќање на даночен долг согласно Законот за даночна постапка може да се поднесе:

- пред достасаноста на даночниот долг;
- по истекот на рокот на достасаност, а пред издавање на опомена за плаќање на даночниот долг;
- по издавање и доставување опомена на должникот;
- по истекот на рокот за плаќање на даночниот долг од опомена, а пред почеток на постапката на присилна наплата на даночниот долг;
- по отпочнувањето на постапката на присилна наплата на даночниот долг со донесување и доставување на решение за присилна наплата;
- во текот на постапката за присилна наплата на даночниот долг.

Член 3

Плаќањето на даночниот долг може да се одложи во целост или делумно еднократно или на рати.

Член 4

Кога од даночниот обврзник се бара една или повеќе гаранции за обезбедување на даночен долг истовремено, се цени квалитетот на гаранцијата, со цел за ефикасна наплата на долгот во случај даночниот обврзник да не се придржува на роковите определени со решението за одлагање на плаќањето на долгот.

Член 5

Барањето, во кое се внесува состојбата на долгот, се предава на организационата единица на Управата за јавни приходи според местото на седиште односно според местото на живеалиште на даночниот обврзник, непосредно или со препорачано писмо.

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2006 година.

Бр. 10-10484/3
3 април 2006 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

**548.**

Врз основа на член 154 став 2 од Законот за даночна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 13/06), министерот за финансии донесува

## М Е Т О Д О Л О Г И Ј А ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНОСТ ВО ПРИСИЛНА НАПЛАТА

Член 1

Со оваа методологија се утврдува почетната вредност на недвижност предмет на постапка на присилна наплата на даночен долг.

Член 2

Почетната вредност на недвижност предмет на постапка на присилна наплата на даночен долг, претставува пазарната вредност утврдена согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот ("Службен весник на РМ" број 50/05), намалена за 30%.

Член 3

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2006 година.

Бр. 10-10483/3
3 април 2006 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА

**549.**

Врз основа на член 35 став 6 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/05), Комисијата за заштита на конкуренцијата донесува

## П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА И ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА КОМИСИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на службената легитимација на членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и вработените во стручната служба на Комисијата.

Образецот од став 1 на овој член е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 2

Образецот на службената легитимација е на бездрвна хартија со бела боја, со димензии 9 см ширина х 6 см висина, заштитен со пластична фолија, кој е сместен во дводелен црн кожен повез.

Надворешниот дел од кожниот повез надолжно поставен содржи: Грб на Република Македонија, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА, Службена легитимација.

Внатрешниот дел од кожниот повез, на горната половина содржи: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Грб на Република Македонија, КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА.

На долната половина од внатрешната страна на кожниот повез се сместува образецот на службената легитимација.

На предната страна образецот содржи: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА, Службена легитимација. На истата страна, на левата половина има место за фотографија со димензии 2,5 х 3 см., а на десната страна се впишуваат податоци за: името и презимето на вработениот, функција/работното место, регистарски број на легитимацијата, потпис на претседателот на Комисијата и место за печат. Задната страна на образецот го содржи следниот текст: Овластување, Овластените лица од Комисијата и лицата кои по потреба ги придружуваат можат да вршат неопходен увид во претпријатијата или здруженијата на претпријатија, при што може:

1. да влезат во кои било деловни простории, земјиштето или превозните средства на претпријатието или здруженијата на претпријатијата;

2. да ги испитуваат книгите или другите записи во врска со работењето, без оглед на медиумот на кој е извршен и чуван записот;

3. да земат или задржат во која било форма копии или изводоци од тие книги или записи;

4. да ги запечатат деловните простории и книгите или други записи за период и во обем потребен за вршење на увидот, но не подолго од седум дена;

5. од овластеното лице или друг вработен во претпријатието или здружението на претпријатија да бара појаснување за фактите или документите што се предмет на увидот, како и да изврши запис на тие објаснувања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/05).

Член 3

Службената легитимација има важност се додека носителот на кој му е издадена има својство на член на Комисијата за заштита на конкуренцијата или вработен во стручната служба на Комисијата.

По престанокот на својството од став 1 од овој член носителот на службената легитимација е должен истата да ја врати.

Член 4

Легитимацијата се заменува со нова, кога поради дотраеност или оштетување ќе стане неупотреблива и кога имателот на легитимацијата ќе ги промени личните податоци.

Член 5

Во случај на губење на службената легитимација носителот ја огласува за неважечка на сопствен трошок и за тоа го известува претседателот на Комисијата.

Член 6

Службените легитимации што се враќаат или заменуваат, се ништат.

Член 7

За издадените службени легитимации на членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и вработените во стручната служба на Комисијата, се води евиденција.

Редниот број од евиденцијата под кој е извршен упис на податоците се впишува во службената легитимација, како регистарски број.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Претседател,
**Панче Бардаров**, с.р.

*ОБРАЗЕЦ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА*
(Димензии 9 x 6 см.)

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
**СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА**

Име и презиме

Функција / Работно место

Рег.бр. Потпис на Претседателот

**ОВЛАСТУВАЊЕ**

Овластените лица од Комисијата и лицата кои по потреба ги придружуваат можат да вршат неопходен увид во претпријатијата или здруженијата на претпријатија, при што може:

1) да влезат во кои било деловни простории, земјиштето или превозните средства на претпријатието или здруженијата на претпријатијата;

2) да ги испитуваат книгите или другите записи во врска со работењето, без оглед на медиумот на кој е извршен и чуван записот;

3) да земат или задржат во која било форма копии или изводоци од тие книги или записи;

4) да ги запечатат деловните простории и книгите или други записи за период и во обем потребен за вршење на увидот, но не подолго од седум дена;

5) од овластеното лице или друг вработен во претпријатието или здружението на претпријатија да бара појаснување за фактите или документите што се предмет на увидот, како и да изврши запис на тие објаснувања.

(„Службен весник на Република Македонија“ број 4/05)

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***

**СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**550.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Виктор Мисовски, роден на ден 09.11.1979 година во Скопје со ЕМБГ 0911979450039.

2. Дозволата за работење на брокер на Виктор Мисовски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Виктор Мисовски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-422/7 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**551.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Искра Костова, родена на ден 13.03.1976 година во Скопје со ЕМБГ 1303976455009.

2. Дозволата за работење на брокер на Искра Костова се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Искра Костова престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-535/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**552.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Марјан Поповски, роден на ден 13.11.1975 година во Скопје со ЕМБГ 1311975450073.

2. Дозволата за работење на брокер на Марјан Поповски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Марјан Поповски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-536/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**553.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Горан Ковачевиќ, роден на ден 05.10.1969 година во Скопје со ЕМБГ 0510969450028.

2. Дозволата за работење на брокер на Горан Ковачевиќ се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Горан Ковачевиќ престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-537/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**554.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Марјан Спасов, роден на ден 25.09.1969 година во Скопје со ЕМБГ 2509969450132.

2. Дозволата за работење на брокер на Марјан Спасов се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Марјан Спасов престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-578/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

**555.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Димче Панов, роден на ден 23.02.1976 година во Титов Велес со ЕМБГ 2302976480000.

2. Дозволата за работење на брокер на Димче Панов се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Димче Панов престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-577/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**556.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Ѓорѓи Игњатов, роден на ден 08.05.1961 година во Скопје со ЕМБГ 0805961450053.

2. Дозволата за работење на брокер на Ѓорѓи Игњатов се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Ѓорѓи Игњатов престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-579/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**557.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Наталија Рајчин, родена на ден 17.09.1968 година во Скопје со ЕМБГ 1709968455098.

2. Дозволата за работење на брокер на Наталија Рајчин се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Наталија Рајчин престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-576/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**558.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Кирил Митровски, роден на ден 27.05.1954 година во Скопје со ЕМБГ 2705954450059.

2. Дозволата за работење на брокер на Кирил Митровски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Кирил Митровски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-591/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

---

**559.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Влатко Панајотовиќ, роден на ден 02.09.1969 година во Скопје со ЕМБГ 0209969450069.

2. Дозволата за работење на брокер на Влатко Панајотовиќ се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Влатко Панајотовиќ престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-595/5 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

**560.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ
НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Методија Ивановски, роден на ден 07.03.1964 година во Скопје со ЕМБГ 0703964450081.

2. Дозволата за работење на брокер на Методија Ивановски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Методија Ивановски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-594/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

**561.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ
НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Зоран Трифуновски, роден на ден 15.01.1963 година во Штип со ЕМБГ 1501963450101.

2. Дозволата за работење на брокер на Зоран Трифуновски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Зоран Трифуновски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-592/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

**562.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ
НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Маја Костиќ, родена на ден 26.05.1975 година во Скопје со ЕМБГ 2605975455072.

2. Дозволата за работење на брокер на Маја Костиќ се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Маја Костиќ престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-593/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

**563.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на ден 29.03.2006 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ
НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Маја Салвани, родена на ден 26.05.1963 година во Скопје со ЕМБГ 2605963455123.

2. Дозволата за работење на брокер на Маја Салвани се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Маја Салвани престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-596/4 Комисија за хартии од вредност
29 март 2006 година Претседател,
Скопје проф. д-р **Весна Пендовска,** с.р.

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**564.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и елен 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.70/1992), на седницата одржана на 29 март 2006 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. Се укинува Правилникот за содржина на образецот за издавање на наод, оцена и мислење за утврдување на потребата за помош и нега од друго лице, потребната медицинска и друга документација, начинот на остварување, критериумите за утврдување на висината и висината на износот на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице ("Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2004).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод иницијатива на Стамен Филипов од Скопје со Решение У.бр.170/2005 од 8 февруари 2006 година поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, бидејќи основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот и Законот за социјалната заштита.

4. Судот на седницата утврди дека оспорениот правилник носи назив: Правилник за содржина на образецот за издавање на наод, оцена и мислење за утврдување на потребата за помош и нега од друго лице, потребната медицинска и друга документација, начинот на остварување, критериумите за утврдување на висината и висината на износот на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Називот на Правилникот се оспорува во делот: "начинот на остварување, критериумите за утврдување на висината и висината на износот на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице".

Правилникот е донесен врз основа на член 31 став 6 од Законот за социјална заштита.

Според член 1 од Правилникот, со овој правилник се пропишува содржината на образецот за издавање на наодот, оценката и мислењето за утврдување на потребата за помош и нега од друго лице, потребната медицинска и друга документација која се приложува кон барањето за остварување на ова право, начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, како и поблиску се утврдуваат критериумите за утврдување на висината и висината на износот на ова право. Одредбата се оспорува во делот: "начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, како и поблиску се утврдуваат критериумите за утврдување на висината и висината на износот на ова право".

Според член 2 од Правилникот, врз основа на утврдената фактичка состојба од страна на надлежната комисија за издавање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице (во натамошниот текст: комисијата), правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице се остварува согласно Законот за социјална заштита и овој правилник. Одредбата се оспорува во делот: "и овој правилник".

Според член 8 од Правилникот, висината на износот на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице изнесува 26% од просечната месечно нето плата по работник во Република Македонија остварена во последните 3 месеци, за лицата со следните болести:

- неподвижно лице – потполно,
- потполно слепо лице (со 99% намален вид),
- лице со церебрална или детска парализа и параплегија,
- лице заболено од дистрофија или сродни мускуларни или невромускуларни заболувања, во краен стадиум на болеста,
- лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој над 26 годишна возраст и лица со ментална дитериорација кај хронични психози (шизофренија, манијачна депресивна психоза, параноја),
- лице со целосна одземеност на една страна од телото или одземеност на сите 4 ектстремитети и
- лица со малигно заболување во терминалниот стадиум со метастази на внатрешните органи.

Според член 9 од Правилникот, висината на износот на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице изнесува 23% од просечната месечно нето плата по работник во Република Македонија, остварена во последните 3 месеци, за лицата со следните болести:

- лица со тешко нарушен вид (97%),
- во прв стадиум на болеста на лице заболено од дистрофија или сродни мускуларни или невромускуларни заболувања,
- лице со делумна одземеност на една страна од телото (како последица на крварење на мозокот) и
- стари лица над 70 годишна возраст со трауматски повреди, оперирани поставени со плочки, шипки поради пролонгирано санирање на истите поради возраста, поради што се неподвижни.

5. Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Во членот 91 алинеја 5 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека Владата на Република Македонија донесува уредби и други прописи за извршување на законите.

Според член 96 од Уставот, органите на државната управа работите од својата надлежност ги вршат самостојно врз основа и во рамките на Уставот и законите и за својата работа се одговорни на Владата.

Според член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд одлучува за согласноста на другите прописи и колективни договори со Уставот и законите.

Согласно член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/2000 и 44/2002), министерот, меѓу другото, донесува правилници за извршување на законите кога за тоа е овластен со закон. Според член 56 став 1 од овој закон, со правилник се утврдуваат и разработуваат одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување, а според член 61 став 1 од овој закон, со актите што ги донесува министерот не може за граѓаните и правните лица да се утврдуваат права и обврски, ниту да се пропишува надлежност на други органи.

Во членот 31 став 6 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.50/1997, 16/2000, 17/2003 и 65/2004), беше предвидено дека: "министерот ја пропишува содржината на обрасците за издавање на наодот, оцената и мислењето за утврдување на потребата за помош и нега од друго лице, потребната медицинска и друга документација која се приложува кон барањето за остварување на ова право, начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, како и поблиску ги утврдува критериумите за утврдување на висината и висината на износот на ова право".

Постапувајќи во рамките на овластувањата кои произлегувале од цитираната законска одредба министерот за труд и социјална политика го донел оспорениот правилник.

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005) одредба со ваква нумерација и содржина нема или поконкретно членот 31 од Законот повеќе нема став 6, ниту има содржина каква што се прикажува од подносителот на иницијативата.

Имено, според член 31 став 5 од интегралниот текст на Законот, министерот со акт го пропишува начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, потребната документација која се приложува кон барањето за остварување на ова право, поблиску ги определува условите за остварување на ова право, составот и начинот на работа на стручната комисија од ставот 1 на овој член, начинот на водење евиденција за издадени наоди и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за утврдување на потребата за помош и нега од друго лице.

Од изнесеното произлегува дека оспорените одредби од Правилникот се засноваат врз одредба од Законот која престанала да важи, односно која повеќе не е дел од правниот поредок на државата. Оттаму, во правниот поредок егзистира Правилник кој претставува разработка на непостоечка законска одредба.

Судот смета дека не само оспорените делови од Правилникот, туку и Правилникот во целина не се во согласност со владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, бидејќи во правниот поредок може да егзистираат подзаконски акти што имаат основ во важечка законска одредба, што овде не е случај.

Од наведените причини произлегува и несогласноста на оспорениот Правилник со останатите одредби од Уставот на кои се повикува подносителот на иницијативата.

Со оглед на тоа што министерот може да донесува правилници за извршување на законите само кога за тоа е овластен со закон со цел утврдување и разработување на одделни одредби на законите и други прописи заради нивно извршување, а имајќи ја предвид изнесената фактичка и правна состојба, според оцена на Судот оспорениот Правилник повеќе не е во функција на акт за извршување и доработка на законска одредба.

Оттаму, според Судот, оспорените делови од Правилникот и Правилникот во целина не се во согласност и со членот 31 став 5 од интегралниот текст на Законот за социјалната заштита и со членовите 55 став 1 и 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа.

6. Од натамошна анализа на одредбите од последната измена и дополнување на Законот, Судот утврди постоење на дополнителен аргумент по однос на несогласноста на делови од Правилникот, како и Правилникот во целина по однос одредбите од Уставот и Законот за социјалната заштита.

Имено, министерот за труд и социјална политика според важечкиот член 31 став 5 од Законот, повеќе нема овластување поблиску да ги утврдува критериумите за утврдување на висината и висината на износот на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, од што произлегува дека Правилникот не е во согласност и со наведената законска одредба.

Според сега важечката регулатива утврдувањето на износот на овој вид надоместок и критериумите од кои зависи неговата висина се определени во членот 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005), односно во член 30а, член 30-б и член 30-в од интегралниот текст на Законот.

При состојба кога со последната измена и дополнување на Законот не е оставено овластување на министерот со подзаконски акт понатаму да ја разработи материјата за критериумите за утврдување на висината и висината на износот на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и во Законот не е содржана одредба која би го уредила натамошното важење на дотогаш донесените подзаконски акти, вклучувајќи го и оспорениот Правилник, Судот оцени дека истиот и поради оваа причина не може да егзистира во правниот поредок.

7. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова – Ристова и судиите:д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У. бр. 170/2005
29 март 2006 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Лилјана Ингилизова-Ристова,** с.р.

## ДРЖАВЕН ГЕОДЕТСКИ ЗАВОД

**565.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (“Службен весник на СРМ“ бр. 27/86, 17/91, 84/05 и 109/05), Државниот завод за геодетски работи донесува

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Дуброво - Општина Неготино.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во “Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Дуброво, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето (“Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2935/1
5 април 2006 година
Скопје

Директор,
**Бисера Јакимовска,** с.р.

---

**566.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (“Службен весник на СРМ“ бр. 27/86, 17/91, 84/05 и 109/05), Државниот завод за геодетски работи донесува

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Чемерско - Општина Кавадарци.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во “Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Чемерско, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето (“Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-2937/1
5 април 2006 година
Скопје

Директор,
**Бисера Јакимовска,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622
2006046